**Универзитет „ Св. Кирил и Методиј “ - Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за историја и архивистика**

# Црковно - политичкиот живот на свети Фотиј Цариградски

# Church political life from Saint Photios of Constantinople

**(Магистерска работа)**

Ментор: Кандидат:

Проф. Д-р Александар Атанасовски отец Оливер Новески

Бр. Индекс: 4914/15

Скопје, 2020 година



**Свети Фотиј – Патријарх Цариградски**

**(858-867) и (877-886)**

## Предговор

Кога веќе сум се осмелил да истражувам и пишувам за една голема историска личност како што е свети Фотиј Цариградски, себично би било да кажам дека сам сум заслужен за истражувањето на овој голем „столб“ во православната црква на Исток.

Најнапред сакам да се заблагодарам на Високопреосвештенејшиот митрополит Дебарско - кичевски и администратор Австралиско - новозеландски г-дин Тимотеј кој благослови да ги продолжам моите постдипломски студии на Филозовскиот факултет во Скопје.

Голема благодарност до мојот почитуван професор д-р Александар Атанасовски кој ја прифати мојата идеја да пишувам за големиот свети Фотиј Цариградски. Исто така му благодарам за помошта во формирањето на насловот од темата и за сета негова подршка додека го изработував магистерскиот труд.

За животот и делата на свети Фотиј е малку пишувано на нашиот македонски јазик, па затоа најголемиот дел од користената и истражувачка литература ми беше од други јазици. Најголем дел од литературата која ја користев за изработка на магистерскиот труд е од српски, грчки, руски и бугарски јазик. Во собирањето на овие материјали за изработка на трудот ми помогнаа прекрасни интелектуални личности на кои јас сакам јавно да им се заблагодарам. Затоа, упатувам голема благодарност до отец Александар Димоски и м-р Виктор Недески кои и покрај своите макотрпни обврски, издвоија од своето скапоцено време за да го збогатат мојот ум со литература преку која е пренесена во мојот магистерски труд. Исто така се заблагодарувам

на м-р Александар Ѓорѓиевски кој како студент во Русија ја збогати мојата домашна библиотека со литература на руски јазик.

Многу се радувам кога имам на кого да благодарам и се радувам кога благодарам. Затоа сакам да продолжам со заблагодарувањето и на дел од мојата прекрасна фамилија. Најнапред благодарност до мојата сопруга м-р Драгана К. Новеска која сето време додека бев посветен на истражувањето и изработката на магистерскиот труд ми беше подршка. Голема благодарност и до мојот дедо Величе, баба Вера и прадедо Горче кој од почетокот на моето школување беа моја подршка. Благодарност и до моите родители Зоран и Виолета и мојата сестра Вероника кои постојано веруваа во мене.

Најмногу Му благодарам на мојот Господ Бог за се. Без Него не би постоел ни јас, а ни овој скромен труд изработен за големиот свети Фотиј Цариградски.

## Вовед

Уште од средношколски денови размислувам за големите умови во христијанската историја. Има многу историски личности кои оставиле големи дела на кои денеска човештвото се потпира. Најголем впечаток од сите тие историски личности ми остави големиот свети Фотиј Цариградски кој неуморно водел битка со непријателите на интелектуално поле. Неговото име се поврзува со сите важни настани од неговото време заради неговата извонредна личност и заради неговото поставување за патријарх на Цариград.

Свети Фотиј Цариградски е еден од најголемите и најпочитуваните отци на Источната црква во IX век. Неговото име е од големо значење за сите словенски народи, бидејќи по негово барање словените биле покрстувани и описменувани. Тој ја чувал Црквата од внатрешни и надворешни непријатели. Од внатре Црквата била напаѓана од еретиците кои не ги почитувале светите икони, не ги почитувале светите отци и ги негирале одлуките донесени на седумте вселенски собори и на помесните собори. Сето време свети Фотиј се борел со овие еретици на интелектуално поле и скоро секогаш извојувал победа. Од надворешна страна се борел против Западната црква која сакала папскиот примат да го има и врз црквата на Исток. Исто така Западната црква влегла во ерес со тоа што почнала да учи дека Светиот Дух излегува само од Отецот, а не и од Синот. Свети Фотиј остро се спротивставил на ова учење и цврсто застанал во одбрана на правото учење дека Светиот Дух излегува и од Отецот и од Синот. Свети Фотиј во ниеден случај не отстапувал од правото учење за христијанството. Цврсто го чувал и штител преданието на светите отци. Затоа денеска свети Фотиј е познат како најучен византиски теолог кој неуморно се борел против внатрешните и надворешните непријатели на Црквата.

Овој труд е поделен на четири глави. Првата глава е „Животот на свети Фотиј". Во оваа глава подробно е разработено фотиевото потекло, семејство, неговото школување и неговите умствени вештини.

Втората глава е „Големиот свети Фотиј – кум на словенските народи". Во оваа глава се зборува за мисијата кај Хазарите и обидот за покрствање на Русите, за покрстувањето на Бугарите, почнувајки со кнез Борис. Потоа се зборува за испраќањето на светите браќа Кирил и Методиј во Панонската и Моравската мисија за поучување и покрстување на словенските народи, почнувајќи најнапред од Македонија.

Третата глава е „Улогата на свети Фотиј како заштитник на Христијанството од Исток". Во оваа глава ќе се зборува за макотрпната борба против учењето на Западната црква и против нејзините обиди за јурисдикција над Бугарската црква и за желбата папата да биде издигнат над Цариградскиот патријарх.

Четвртата глава е „Односот на Василиј Први со патријархот Фотиј, пред отстранувањето и по враќањето на патријаршискиот престол". Во оваа глава се зборува како од почеток на своето доаѓање Василиј гледал непријател во лицето на патријархот Фотиј. Па затоа го одстранува, и го враќа Игнатиј. Потоа сваќа дека Фотиј ги има сите вештини и способности за управување со црквата, и само во коалиција со него Црквата и Државата ќе бидат издигнати на ниво како никогаш претходно.

# ГЛАВА I

## Животот на свети Фотиј Цариградски

За свети Фотиј не се знае точно кога е роден, но се претпоставува дека е роден помеѓу 816 и 826 година во Константинопол. Потекнува од угледно и богато семејство во Константинопол.[1] За неговото семејство нема многу информации и се знае многу малку. Таткото на свети Фотиј, Сергиј, бил чувар на царот и на царскиот дворец. Сергиј пострадал маченички и православната црква неговиот спомен го слави на 13 мај. Сергиј бил брат на патријархот Тарасиј. Тарасиј бил цариградски патијарх од 784-806. Во 787 година во Никеја се одржал седмиот вселенски собор под раководство на патријархот Тарасиј.[2] Иако оваа фамилија пострадала многу за време на иконоборската епоха, во време на царицата Теодора повторно уживала висока позиција и углед во престолнината. Свети Фотиј имал четворица браќа и тоа: Сергиј, Константин, Константин и Теодор. Сестрата на царицата Ирина била во брак со братот на свети Фотиј, патрикиј Сергиј. И другиот негов брат имал тиула патрикиј. Свети Фотиј бил најобразуван меѓу браќата. Тој се стекнал со сестрано образование од многу науки. Се спомнува дека имал големи познавања од литературата, математиката, филозофијата, медицината, правото и богословието. Дека свети Фотиј бил вистински образован сведочат неговите многубројни дела:

---

[1] Успенски, *Историја Византијског царства,* Период Македонске династије 867-1057, превео Радослав Божић, Београд 2000, стр 20.

[2] Калин Янакиев, *Фотий патриярх Константинополски до княз Борис,* папа Николай I до Българите, София 1994, стр 16.

„Амфилохија“, „Книга против манихејците“, „Тајноводство за Светиот Дух„ „Номоканон“, „Писма“, „Беседи“, „Библиотека“ итн.[3]

За неговата интелектуална способност и високо образование многу брзо се расчуло меѓу народот, та при него доаѓале многу млади луѓе кои биле жедни за знаење. Меѓу тие млади луѓе бил и неговиот брат Тарасиј, кој исто така пројавувал голема желба за наука. Во тој период свети Фотиј ја напишал книгата „Библиотека“ која се смета за непроценлив извор за проучување на византиската теолошка и профана книжевност до 9 век, бидејќи содржи критички приказ за 280 книги од областа на теологијата, историјата, реториката, филозофијата, медицината, природните науки и поезијата.[4]

Свети Фотиј бидејќи се издвојувал со неговата образованост и интелектуалност, бил поставен за професор во познатата школа во Цариград, наречена Магнаврза (Магнаурска). Таа школа датира од периодот на цар Константин Велики. Братот на царицата Теодора, а вујко на царот Михаил III, ќесарот Варда  повторно ја обновил оваа школа. Во таа школа се стекнувало најголемо и најквалитетно образование од областа на световните и духовните науки. На истата таа школа, колега му бил познатиот математичар Лав, кој за време на владеењео на иконоборскиот цар Теофил бил поставен за архиепископ солунски. За време на владеењето на царицата Теодора и патријархот Методиј бил сменет бидејќи бил иконоборец.[5] Константин Филозов, подоцна наречен Кирил бил ученик на свети Фотиј и бил професор на истиот универзитет. Желбата на свети Фотиј уште од млади години била да стане монах, но императорот го забележал неговиот потенцијал и го повикал да работи за него во царскиот двор. Царот му дал високи царски почести и служби. Во почетокот станал протоспатариос (прв

---

3 Калин Янакиев, *Фотий патриярх Константинополски до княз Борис,* папа Николай I до Българите, София 1994, стр 16.

4 Ханс Георг Бек, *Путеви византиске књижевности, Београд 1967, стр. 60.*

5 Luj Breje, *Vizantinska civilizacija,* Beograd 1976, str. 415.

советник), а потоа и протоасикритис ( царски секрета). Овие служби им се давале на најспособните и најдоверливи лица од дворот. Поради неговата способност и покажани резултати, царот го испратил во дипломатска мисија во Багдат кај Арапите, за да преговара со калифот за прекин на прогонот на христијаните. Кога заминал во оваа мисија со себе го зел и својот најдобар ученик Константин Филозоф.[6]

Подоцна станал професор на униврзитетот во Константинопол на кој предавал филозовски науки. Кога наполнил 30 години, благодарение на своите интелектуални вештини, свети Фотиј не можел да издржи и да стои на страна гледајќи како некои странки здружени сакаат да напакостат на Константинопол и на црквата од Исток. Така тој застанал во првите редови во борбата против непријателите на интелектуално поле.[7]

Со осудувањето на иконоборечката ерес и на непочитувачите на светите отци, се става крај на Старата епоха. После овој период црквата на Исток се соочува со други проблеми од надвор, поттикнати од страна на Западната црква. На овие напади и пречки од страна на Западната црква се спротивставил свети Фотиј, со што го поставил темелот на Новата епоха во Византија.[8]

Во средината на 8 и почетокот на 9 век на Запад се воздигнала нова Римска империја која е во тесна врска со Латинската црква и папата и која навлегла озбилно да и прети на Источното царство и Константинополската патријаршија. Римската империја имала за цел преку освојувачките походи и верските мисии да го попречи верското и интелектуалното ширење на Источното царство. На свети Фотиј му било задача да го правземе ова прашање

---

6 Јустин Поповић, *Житија Светих,* Београд, Фебруар 1973, стр 89.

7 Успенски, *Историја Византијског царства,* Период Македонске династије 867-1057, превео Радослав Божић, Београд 2000, стр 20.

8 Георгије Острогорски, *Историја Византије,* Просвета Београд, стр. 117.

да го реши во интерес на Источното царство и Константинополската патријаршија.[9]

Во 846 година, после смрта на патријархот Методиј, царицата Теодора во согласност со клирот, патријаршискиот престол го доверила на монахот Игнатиј, кој најголем дел од својот живот го поминал во осамеништво и не бил воопшто во тек со проблемите во царството и патријаршијата. Тој бил син на царот Михаил I и Прокопија, ќерка на царот Никифор. До својата 48 годишна возраст од животот живеел во манастир каде што бил назначен за игумен. Таму бил посебно почитуван и уважуван од братството. Меѓутоа кога дошол на Константинополската катедра го очекувале многу проблеми кои што он не бил спремен да ги реши.[10]

Новата политичка и културна активност на Византија, која започнала за време на Теоктисовата управа, земала поголем замав после 856 година кога на престолот застанал царот Михаило III, кој бил под влијание на својот вујко Варда. Како жртви на Теодориновиот и Теоктисовиот режим, Михаило III и Варда биле природни сојузници. Варда бил огорчен бидејќи бил запоставен од страна на Теоктист и неговите поданици. Михаило пак бил огорчен од туторството на својата мајка која го спречувала да ги извршува царските права и му се мешала во неговиот приватен живот. Воедно мајка му го спречила да се ожени со неговата љубовница Евдокија Ингерина и го приморала да се ожени со Евдокија Декаполит (855). По договор на Михаило и Варда, Варда се вратил на царскиот двор без да знае царот. Заверениците од Варда го нападнале Теоктист

---

[9] Успенски, *Историја Византијског царства,* Период Македонске династије 867-1057, превео Радослав Божић, Београд 2000, стр 20.

[10] Исто, стр. 20.

и го убиле пред очите на Михаило III.Теодора била приморана да се откаже од власта, а за наследник бил прогласен Михаило III.[11]

Преку тенденциозната историографија од времето на Македонската династија дознаваме дека старата наука го сметала Михаило III за недостоен владетел на Византија и го нарекла Пијаница. Царот Михаило III не бил воопшто стабилен, немал сопствена и цврста волја. Михаило III не бил воопшто голем владетел, голема била епохата за време на неговото владеење и тоа поради Варда и свети Фотиј.[12]

Во 846 година, после смрта на патријархот Методиј, царицата Теодора во согласност со клирот, патријаршискиот престол го доверила на монахот Игнатиј, кој најголем дел од својот живот го поминал во осаменишство и не бил воопшто во тек со проблемите во царството и патријаршијата. Тој бил син на царот Михаил I и Прокопија, ќерка на царот Никифор. До својата 48 годишна возраст од животот живеел во манастир каде што бил назначен за игумен. Таму бил посебно почитуван и уважуван од братството. Меѓутоа кога дошол на Константинополската катедра го очекувале многу проблеми со што он не бил спремен да ги реши. Од една страна проблемите биле од недоличното однесување и дворските обичаи на царот Михаило III, кои го скврнавеле црковниот авторитет, со што патријархот не можел да остане рамнодушен. Од друга страна противници му биле големи духовни лица. Еден таков противник бил Григори Асвеста, сиракуски архиепископ, кој  бил поставен од Методиј. На Григориева страна биле и епископ Петар Милетски и Евлампие Апамејски. Тие се одвоиле од патријархот, не го признавале неговиот црковен авторитет и се залагале да го понизат пред Црквата и световните заедници. Особено положбата на патријархот Игнатиј станала тешка кога противниците нашле подршка кај

[11] Георгиј Острогорски , *Историје Византије,* Београд 1959, стр. 221.

[12] Георгиј Острогорски , *Историје Византије,* Београд 1959, стр. 222.

Варда. Бидејќи во тој период црквата била во тесна врска со политиката царицата Теодора била принудена да ја зајакне противничката страна на патријархот Игнатиј, а да го ослаби неговиот црковен авторитет. Во такви лоши околности, патријархот Игнатиј се судрил и со Варда. Наводно низ Цариград се зборувало дека Варда по смрта на својата жена, бил во врска со жената на својот син. Патријархот како чувар на духовното здравје од народот, многу му замерил на Варда. Најпрво го повикал да се тргне од тој пат, ако сака да си ја спаси душата. Варда не го послушал, а патријархот почнал да применува други постапки. Така на празникот Богојавление, 6 јануари 858 година, патријархот му забранил на Варда да прими причест, бидејќи го сметал за недостоен. Тоа Варда премногу го навредило и поставил темел за трајно непријателство помеѓу него и патријархот. Веднаш Варда стапил во контакт со Григори Азвеста и неговите следбеници во кој посебно место завземал протоасикрит Фотиј. Тоа што му го направил патријархот на Варда не било воопшто мала навреда. Во тоа време се сметало дека ако на некој му биде забрането да прими Света Тајна Причес, веќе не е повеќе член на Црквата. Затоа, ова одлачување толку многу го повредило Варда.[13] Царот Михаило III нема некоја посебна причина да го смени патријархот од престолот, та затоа му имал дадено потполна слобода да ја води патријаршијата. Но, тоа било така се додека Варда не го наговорил царот Михаило III да ги испрати мајка му, царицата Теодора и нејзините ќерки во мансатир и да бидат замонашени. На ова патријархот остро се спротивставил и не сакал да ги потстриже.[14] Патријархот за да ја смири работата кажал дека пред да дојде на патријаршискиот престол дал пишана заклетва дека никогаш нема да осмислува некаква злоба против нејзината царска власт.[15] Но патријархот не бил

---

[13] Предраг Коматина, *Црквена политика Византије од краја инконоборства до смрти цара Василија први,* Београд 2014, стр. 104.

[14] Успенски, *Историја Византијског царства*, стр 21.

[15] Предраг Коматина, *Црквена политика Византије* , стр. 105.

послушан и сепак тие биле замонашени и заточени во 857 година, најнапред во каријанскиот замок, а потоа во гастријскиот манастир.[16]

Со промена на владата морало да дојде и до промена на црковната управа. Расправиите помеѓеу патријархот Игнатиј и Варда и не послушноста на патријархот да ги извршува наредбите од Варда и царот Михаило III биле изговор патријархот да биде аболициран. Така бидејќи Варда не можел да соработува со побожен патријарх и приврзаник на претходната власт и зилотите, бил аболициран во 857 година.[17] Царот Михаило III наговорен од вујко му Варда, го аболицирал патријархот Игнатиј и го испраќа во заточеништво на островот Теревинт, каде што се наоѓале неговите фамилијарни имоти и манастири.[18] Но, иако патријархот Игнатиј бил во заточеништво, се уште се водел како патријарх, бидејќи не сакал да даде оставка. Врз него биле извршувани секакви притисоци од разни страни. Нјмногу го уценувале луѓето на Варда и на Григори Азвеста кои постојано смислувале начини како патријархот да биде трајно одстранет од престолот. Патријархот во ниеден случај не попуштил, па така бил насилно одстранет и за нов патријарх го предложиле протоасикритот на царот, Фотиј.

За отстранувањето на патријархот да биде валидно морало да се свика архиерејски собор и на тој собор со приложени причини зошто не треба да биде повеќе патријарх да биде сменет. Така, противниците организирале архиерејски собор и тоа во царската престолнина. Игнатиј бил повикан да присуствува на соборот за да му се суди. Оптужбите се веќе познати, а тоа се дека патријархот е поставен без избор поставен за патријарх од страна на царицата Теодора. Игнатиј дошол на соборот со еден ѓакон и еден лаик, а според канините требало

[16] Успенски, *Историја Византијског царства,* стр 21

[17] Георгиј Острогорски , *Историје Византије,* Београд 1959, стр. 223.

[18]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 105.

да бидат два или три епископи. Спротивната странка довела спремни лица кои ќе сведочат и ќе се заколнат дека патријархот Игнатиј без избор е поставен и ракоположен. Патријархот не можел да ги премолчи овие оптужби и кажал дека на ти луѓе што го оптужуваат не може да им се верува. Исто так кажал дека не постои канон каде што се вели дека царот може да донесе сведоци и да оптужуваат патријарх. Патријархот им се обратил и со зборовите дека ако тој е неканонски поставен за патријарх и дека не му се признава неговото поставување, тогаш и царот и сите епископи кои го оптужуваат не се признаават бидејќи се поставени од не признат патријарх. Му се обратил и на новопретставениот кандидат за патријарх Фотиј, дека тој не е достоен да биде патријарх, бидејќи е мирско лице и дека премногу е млад и неискусен.[19] Покрај сите оптужби, патријархот Игнатиј не се откажувал и чекал да види што ќе се случи до крај. Неговите противници и покрај тоа што немале доволно засновани и релевантни докази го симанле од патријаршискиот престол, изгласано од страна на поголем дел присутни на соборт.

Веднаш после осудувањето и симнувањето на патијархот Игнатиј се отпочнало со планирањето за поставувањето на нов патријарх. Бил предложен единствено Фотиј од страна на царот Михаило III. Фотиј веднаш реагирал и рекол да биде друг избран, а не он.[20] Но, неговата молба била отфрлена и со тешко срце прифатил бидејќи немал друг избор. Тој бил свесен дека тоа е премногу одговорна и тешка функција и дека повеќе нема да го има мирниот живот што го живеел. Исто така знаел дека односот со семејството и пријателите нема да биде исти. Ќе има многу непријатели и завидливи кои ќе сакаат да му прават сопки. Но, и покрај се тој бил приморан да го прифати патријаршискиот престол.[21] Тука веднаш се побуниле некои епископи кои не

---

[19]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије ,* стр. 106-107.

[20] Βλ. Για το θέμα αυτό Ἰωάννου Βαλέττα, *Φωτίου τοῦ Σοφωτάτου καί Ἁγιωτάτου Πατριάρχου Κωνσταντινουπόλεως ἐπιστολαί,* σ.32-33 και υποσημ. 3.

[21]Νικολάῳ Πάπα Ἀπολογητική, *επιστολή 290,* L.W.3 125, 41-45 (P.G. 102, 596).

сакале новиот патријарх да биде предложен и избран од царот. Тие предлагале да се номинираат тројца претставници и да има гласање. Нивниот предлог бил веднаш отфрлен од страна на останатите епископи кои биле блиски до царот. Па така петте епископи, меѓу кој и Митрофан Смирненски го замолиле Фотиј да потпише дека нема да го анатемиса и нема да го прогонува стариот патијарх Игнатиј. Тоа Фотиј веднаш го потпишал.[22]

Бидејќи Фотиј бил мирско лице, спротивно на канонитe, за 6 дена ги поминал сите црковни ерархиски степени. Тоа се случувало од 20 до 25 декември и за Божиќ 858 година поставен е за патријарх. Посветувањето во духовниот чин го направил меѓу останатите епископи и Георгиј Асвеста. Со ова грубо нарушување на црковните обичаи, повторно влегле во нов раскол. Така едните застанале на страна на отстранетиот патријарх Игнатиј, а други на страна на новиот патријарх Фотиј. Главен заштитник на Фотиј му бил Варда, но против него било духовништвото, а посебно Студискиот манастир кој организирал одпор против Фотиј. Првата година од поставувањето за патријарх, Фотиј требало да работи на неговото уцврстување на престолот и решавање на спорот со остранетиот патријарх Игнатиј и неговите приврзаници.[23]

После изборот за патријарх, Фотиј се нашол во големи проблеми. Најмногу му било тешко да најде разбирање кај Варда, кој постојано се мешал во црковните прашања и му го ограничувал авторитетот. Фотиј многупати намислил да се откаже од својот положај поради многуте притисоци од страна на Игнатиевите приврзаници. Игнатиј имал голема поддршка од страна на Студискиот манастир, каде што била организирана јака опозиција против Фотиј. Манастирот Студион за време на игуменот Никола, ученик на прочуениот Теодор, бил центар од каде што се јавувале многу идеи за црковната политика и дисциплина. Таму биле формирани основните правила за целокупниот монашки

[22] Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 106-107

[23] Успенски, *Историја Византијског царства, II* , стр 22.

живот. Фотиј иако успеал да го истера Никола од манастирот и да се повлече во Битинија, он ги дигнал игумените и архимандритите од константинополските манастири против Фотиј. За да ги придобие на своја страна, Фотиј извршил некои реформи во манастирите. Игумените ги ослободил од прекумерните зависности во однос на манастирските општини и ги направил да бидат дирекно подредени под патријаршијата.[24] Овие реформи и притисоци, останатите архиереи приврзаници на Игнатиј не можеле да ги прифатат и затоа решиле да свикаат собор каде што Фотиј ќе биде осуден. Така, Митрофан од Смирна сведочи дека одржале собор во црквата света Ирина, каде што Фотиј бил анатемисан и претеле со анатема на сите што било кога би го признале Фотиј за патријарх.[25] На Фотиј не му останало ништо друго освен да им возврати со исти удар. Па така тој веднаш одржал собор во црквата свети Апостоли, каде што уште еднашка било потврдено отсранувањето на патријархот Игнатиј заедно со неговите приврзаници. Прашањето околу патријаршискиот престол само ги влошувало работите создавајќи се две страни, а со тоа создавање на две цркви во една држава.[26]

По повод назначувањето на Никола I за нов папа, царот Михаило III испратил свои посланици во Рим да му оддадат почести. Посланиците биле: Методиј Гангри, епископ Самоил Хона, Захариј Таормински, Теофил Аморијски и царевиот протоспатар Арсавир. Во Рим на папата му однесле подароци и две писма, едно од царот Михаило и едно од свети Фотиј. Царот од папата барал да испрати делегација во Цариград во врска со прашањето за иконоборците, но и да дадат свое изјаснување околу симнувањето на Игнатиј и устоличувањето на Фотиј, надевајќи се дека Игнатиј ќе го осудат, а Фотиј ќе го потврдат како

[24]Успенски, *Историја Византијског царства, II,* стр 22-23.

[25] Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 110.

[26]Успенски, *Историја Византијског царства, II,...* стр 23.

патријарх.[27] Но сепак новиот папа Никола I имал за цел да го зацврсти римскиот универзализам и неговиот збор да биде последен на Исток и на Запад. Папата Никола Први застанал на страна од Игнатиј, бидејќи со Фотиј не можел да манипулира, а и преку него не можел да си ја оствари својата цел. Така тој испратил делегати во Цариград каде што ќе застанат на страната од Игнатиј, а Фотиевиот избор ќе го отфрлат.[28] Соборот се оджал во 861 година, во црквата свети Апостоли. Соборот го водел самиот цар Михаило во присуство на цезарот Варда и 318 отци.[29] Од царевата десна страна седеле папските посланици Захариј и Радоалд, до нив седеле митрополити и епископи, претставници на Цариградската црква. Од царевата лева страна седеле световни великодостојници на византиската држава. Интересен е фактот, што иако станува збор за црковен собор, бројот на црковните делегати е еднаков со бројот на световните делегати.Од присутните световни делегати познати се имињата на Варда и Јован Кокс, Вајан наречен Ангур, патрикиј Лав Критика и патрикиј Теодотакија. Овие спомнати не само што присуствувале на соборот, туку и зеле активно учество во расправиите и разговорите. Црковни делегати кои се познати и кои се спомнуваат се: Павле, митрополит на Кесарија Кападокиска; Теодор, митрополит на Лаодикија и Амфилохиј митрополит на Кизика, голем пријател на Фотиј. Интересен е фактот што Фотиј не се спомнува во актите, туку забележано е дека на крајот од завршните зборови стои Многаја лета! На отворањето на соборот царот рекол дека прашањето околу разрешувањето на Игнатиј од патријаршискиот престол е веќе завршено уште на соборот во 859 година во црквата севти Апостоли. Но, сепак од почит према римската столица и папата Никола I, предлага повторно да се отвори истото прашање пред папската делегација. Откако претходната година царот заедно со патријархот Фотиј испратиле делегати со свои писма до новиот папа Никола Први и

[27]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 117.

[28]Георгије Острогорски, *Историја Византије*, стр. 224.

[29]Успенски, *Историја Византијског царства, II,* стр 23.

добиле негативни одговори во врска со отстранувањето на Игнатиј од патријарх, сега папските посланици го потврдиле папскиот став со приложените писма кој тој ги испратил преку нив. Во писмата јасно се гледа планот и целта на папата дека тој сака да биде управител на црквата од Исток и неговиот збор да биде последен. Од тоа стравувале повеќето присутни бидејќи мешањето на папата не одело во прилог на Византија. Посланиците од папата биле со јасен став повикувајќи се на 3, 4 и 5 какон од соборот во 343 година во Сардика. Толкувајќи ги канонитe тие тврделе дека папата, преку своите легати може да пресудува на целокупната црква. Тие барале да се повика Игнатиј и да му судат според канонската власт и уставното Римско право. Царот ги испратил своите луге да го доведат Игнатиј и да му кажат дека таму се и папските делегати кои треба да му судат. Игнатиј не сакал да оди на соборот, но овие го притиснале. Игнатиј ги прашал како да се појави на соборот, како епископ, свештеник или монах. Тие му одговориле како сака и дека тоа е најмалку битно. Игнатиј се облекол како патријарх, но му се заканиле со одземање на неговиот живот ако се појави така облечен. Игнатиј донел заклучок дека папските делегати се заедно со царот и дека се дојдени да го осудат. Така тој кога се појавил на соборот веднаш ги нападнал, велејќи дека не сака да му биде судено од нив и дека тие се неправедни судии. Еднинствена пресуда што би ја прифатил е да биде вратен на патријаршиската столица. Ставот негов бил многу јасен дека тој не го прифакал првенството на папата врз Источната црква. Со тоа премногу ги навредил легатите, а посебно папата Никола кој ги испратил.

После одржаната четврта седница каде што биле повторно изнесени оптужбите против Игнатиј, Варда ги повикал римските легати да ја донесат пресудата. Тие се повикале на канонот од свети Силвестер, во кој стои дека на еден епископ не може да му се суди без сведочење и заклетва на седумдесет и двајца сведоци. Во името на Цариградската црква станал Павле Кесариски и се изјаснил дека према обичаите на Цариградската црква за тоа се потребини пет, седум или десет сведоци. Но, сепак рекол дека нивното барање ќе биде исполнето како и претходните што им беа исполнети. За кратко време собрани

се тие седумдесет и двајца сведоци кои веќе биле присутни на соборот. Сите едногласно посведочиле дека Игнатиј не е достоен за патријарх, та веднаш му било пресудено. Соборот е завршен со многулетствија за папата Никола, патријархот Фотиј и папските посланици.[30] Така на едно место се вели дек Фотиј дипломатски ги превртил делегатите од папата да го потврат изботот Фотиев за патријарх, а на Игнатиј, аболицирањето.[31]

Папските посланици Захариј Анагнински и Радоалд Портуенски го изневериле папата со тоа што тие го осудиле Игнатиј, а требало само да испитаат како ќе се одвива работата и тоа да му го пренесат. Затоа во Рим се осудени и казнети. Подоцна приврзаниците на Игнатиј ќе го обвинуваат патријархот Фотиј заедно со неговите приврзаници дека ги превариле делегатите не преведувајќи им точно на латински. Но јасно е дека Игнатиј е сам виновен со неговото излагање против делегатите од папата и против самиот папа. Врз основа на тоа негово излагање тие донеле одлука дека треба да биде осуден.[32]

Папата Никола не бил задоволен од одлуката на своите посланици во Цариград, та веднаш испратил писмо по неговиот посланик Лав до верниците од целата Црква, царот Михаило III и патријархот Фотиј. Папата во писмото вели дека неговите посланици немале право да донесуваат одлуки, но само да посматраат и да му пренесат како се одвивал соборот. Уште додава дека не ја призанава одлуката од соборот. Не го признава симнувањето на Игнатиј и поставувањето на Фотиј. Кажува дека Фотиј не може да биде патријарх од мирско лице и тоа е против канонски. Игнатиј може да биде патријарх бидејќи он припаѓа на црковниот клир.

---

[30]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 122-125.

[31]Георгије Острогорски, *Историја Византије,* стр. 224.

[32]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије* стр. 126.

По долго измачување и прогонство, Игнатиј сватил дека направил голема грешка што така остро ги нападнал посланиците од папата Никола Први, бидејќи тие дошле во негова одбрана. Игнатиј во присуство на своите приврзаници му напишал писмо на папата каде што го велича и го нарекува свјатејшиј, блаженејши патријарх на сите престоли, корифеев наследник и вселенски папа, а Римската црква ја нарекува најмудрата Црква на Римјаните.

Папата свикал собор пролета 863 година, со што била осудена одлуката од цариградскиот собор во 859 година, каде што Игнатиј бил симнат, а Фотиј назначен за патријарх. На соборот Фотиј бил анатемисан, бидејќи бил ракоположен на туѓ престол од страна на оние на кој веќе им било одземено епископското достоинство, а и врз основа на тоа што бил претходно мирско лице. После тој собор односите помеѓу Рим и Цариград се заостриле.

Патријархот Фотиј му испрати писмо на папата Никола каде што латинскиот јазик го нарекува варварски. Папата на тоа премногу се навредува и остро реагира велејќи му дека латинскиот јазик е еден од трите јазици покрај еврејскиот и грчкиот со кој е испишан текстот на крстот кај што Господ Исус Христос бил распнат. Сето ова подоцна ќе биде причина и за конечната разделба на Источна и Западна црква.

Патријархот Фотиј и покрај тоа што во Рим го осудиле и анатемисале, продолжил со своето црковно уредување во патријаршијата. Така Игнатиевите митрополити ги сменувал и на нивно место ги назначувал своите епископи. Григориј Азвеста го поставил како митрополит на сирокуската област, а Захариј Таормински е поставен за митрополит во Витинија. Најдобриот пријател на Фотиј, Анфилохиј е поставен за митрополит на Кизикија, а Петар Милетски е поставен во Сарда.

Меѓутоа и покрај тоа што односите со Римската црква премногу се заостриле, во тој период царот Михаило III, кесарот Варда и самиот патријарх Фотиј постигнале највеличествени успеси во историјата на човештвото.

## Глава II

## Свети Фотиј – „кум“ на словенските народи

### I. Хазарска мисија и обид за покрстување на Русите

На 18. јуни 860 година од северната обала на Црното море, Византија била нападната неочекувано од страна на Русите кои дотогаш не им биле познати како народ. Руската флота ја сочинувале двеста бродови, предводени од руските кнезови во Киев, Асколд и Дир. Во тоа време Византија водела борба на исток со Арабите и не била спремна за нападот од страна на Русите. Дури и царот Михаил со вујко му Варда биле со војската на исток, а во Цариград за среќа останал патријархот Фотиј кој го собрал народот и направиле поворка и на Русите им изговорил две беседи со што тие набрзо се повлекле и си заминале.[33] Овај Руски напад сепак оставил траги во Цариград, бидејќи голем број на цркви и манастири биле ограбени и опустошени.[34]

Откако се повлекле, Русите по извесен период испратиле претставници да отидат кај Византијците и да побараат мисионери за нивно покрстување. Од писмата на свети Фотиј дознаваме, дека тоа се случило после месец јули 860 година, а пред 867 година.[35] Свети Фотиј во тоа нивно барање видел дека е

[33]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 145.

[34]Георгије Острогорски, *Историја Византије,* стр. 226.

[35]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 147-148.

можно преку нивно покрстување да бидат скротени и повеќе да не ја напаѓаат Византија. Се вели дека свети Фотиј ги испратил првите мисионери кај Русите, но немале некој посебен успех, бидејќи првите покрстни Руси, после извесен период повторно се вратиле на старите пагански верувања.[36]

За победата на Византија врз Русија, разбрале и Хазарите кои многу се израдувале и охрабриле. Русите често пати ги напаѓале Хазарите и ги пустошеле. Затоа Хазарите виделе надеж во лицето на Византија, но и Византија видела заштита од Русите преку дипломатска мисија кај Хазарите. Кај Хазарите често пати оделе мисионери кои го проповедале исламот и јудеизмот, но немале посебен успех, но сепак биле добронамерно настроени према мисионерите. Така Хазарите за да се заштитат од Русите се спријателиле со Византијците при што побарале да им се испратат мисионери кои ќе им ја проповедаат христијанската вера и ќе ги покрстат. Царот Михаило III за таа мисија го повикал Константин (Кирил) Филозоф кој во тоа време бил заедно со својот брат монахот Методиј и со останатите монаси на горатa Олимп каде што живеел во осаменост. Константин Филозоф бил избран како најучен и најспособен за проповедање и поучување на народот. Овај пат задачата му била пред Хазарите да направи споредба помеѓу христијанството, исламот и јудеизмот, а со тоа да им каже зошто христијанството е подобра религија од другите. Така Константин тргнал и пристигнал во Крим, каде што сретнал самарјани кои му дале книги, при што веднаш се затворил во собата, се помолил и почнал да ги чита, а со Божја помош тоа го правел без грешка.[37] Во Херсон ги научил еврејскиот, самарјанскиот, хазарскиот, рускиот и готскиот јазик.[38]

Во житието на свети Кирил стои: „ Кога дојде во Херсон таму го изучи еврејскиот јазик и книги, ги преведе осумте делови на граматиката и со тоа уште

---

[36]Жан- Клод Шене, Бернар Флизен, *Византија, историја и цивилизација,* стр. 121.

[37]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 149-151.

[38]Успенски, *Историја Византијског царства, II* , стр 36.

повеќе ги продлабочи своите знаења. Меѓутоа, таму живееше и некој Самаритјанин кој идеше кај него и спореше со него, па еднаш донесе и самаритјански книги и му ги покажа. Филозофот ги измоли од него, се затвори в куќи и фати да се моли; а бидејќи Бог му даде разум , почна да ги чита книгите без грешка. Кога го виде тоа, Самаритјанинот извика со сиот глас и проговори: „Навистина, тие што веруваат во Христа бргу ќе го примант Светиот Дух и неговата благодет.'' Бидејќи тогаш се покрсти неговиот син, по него се покрсти и тој самиот. Таму најде евангелие и псалтир, пишувани со руско писмо, а најде и човек што зборуваше на тој јазик ; разговарајки со него и откако овладе со силата на зборот, преведувајки на свој јазик, ја изнајде разликата помеѓу самогласните и согласните букви. И молејки му се на Бога, набргу започна да чита и да зборува, па мнозина му се восхитуваа и го фалеа.“[39]

Во Херсон дознал дека телото на св. Климент Римски, папа од I век, наследник на свети Петар, се наоѓа длабоко во морето блиску до градот. Константин Филозоф веднаш му кажал на херсонскиот архиепископ за моштите, при што на чудесен начин му било откриено каде точно се наоѓаат. Тие ги пронашле моштите и му ги објавиле на градот, при што направиле литија. Овај настан се случил на 30 јануари 861 година.[40]

Во житието на свети Кирил се вели: „Откако го убеди архиепископот, тој со сето свештенство и со побожни луѓе седна на кораб па тргнаа на тоа место. На морето завладеа голема тишина, па дојдоа и започнаа да копаат пеејки. Наеднаш се сети силна миризба како од многубројни кандила, а потоа се покажаа светите мошти. Ги зедоа со голема чест и со слава од сите граѓани ги однесоа во градот, како што пишува тој самиот за нивното пронаоѓање.“[41]

---

[39]Панонски легенди, Скопје, 1987, стр. 35.

[40]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 151.

[41]Панонски легенди, Скопје 1987, стр 36.

Престојот на свети Кирил во Херсон е од огромно значење за описменувањето и покрстувањето на Русите. Во житијата на свети Кирил се вели дека во Херсон тој пронашол Евангелие и Псалтир кои биле пишувани со руски букви. Тој не ги разбирал тие букви, та пронашол човек што го разбира тој јазик, при што му помогнал да го разебре и научи јазикот на Русите. Свети Кирил молејќи му се на Бога и сконцентрирано проучувајќи го јазикот го научил многу брзо, при што сите се зачудиле. На друго место пак, стои дека поголемиот дел на слависти тврдат дека тој руски јазик (рушки или рошки) е всушност готски јазик.[42]

Овие наводи ги мачеле голем број на истражувачи, но и сеуште претставуваат нерешен проблем. Некои истражувачи сметале дека станува збор за јазикот на кримските Готи, потомци на оние Готи кои уште во 4-ти век епископ Улфила им ја измислил азбуката. Други, пак, мислат дека се работи за препишувачка грешка, така што во првобитниот ракопис стоеле сириски букви, со кои светите браќа добро се снаоѓале и ги разбирале. Но сите овие тези одпаѓаат, бидејќи во житието на свети Кирил јасно е напишано дека он го учел тој јазик и истакнува дека јазикот содржи самогласки и согласки.[43]

Добро е познато дека сириската азбука, како и останатите семитски јазици не содржат самогласки. Единствено во житието на свети Кирил е несватливо тоа што Русите се ословуваат како Словени, а се знае дека житието на свети Кирил е пишувано између 869 и 882 година, кога Русите сеуште не биле Словени. Тие не биле Словени ни во средината на X век, кога царот Константин VII Порфирогенит прави јасна разлика помеѓу Русите и нивните поданици од различни словенски племиња. Пред да се измешаат со својте словенски соседи и пред да го изгубат својот првобитен етнички идентитет и постанат Словени, Русите биле сосема друг народ наречени Нормани од Скандинавија. Тоа биле Русите кои во 838 и 839 година се појавиле во Цариград и Ингелхајм и кои во

[42] Панонски легенди, Скопје 1987, стр. 35.
[43]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 151-152.

860 година го нападнале Цариград. Тоа биле руси кои се спомнуваат во врска со престојот на свети Кирил во Крим во 860 година. Откако знаеме дека Русите имаат потекло од скандинавските народи, се поставува прашањето дали тоа ќе помогне во разрешување на прашањето за потеклото на руските букви?!

Познато е дека скандинавците во добата на викинзите користеле посебно писмо наречено „руна“ или „футарк“. Со тоа писмо се направени многу натписи по цела скандинавска земја и сите подрачја кои биле под нивна политичка и културна влијателност во период од IX до XI век, главно пред ширењето на христијанството на тие простори. Особено, важно за руските букви со кои се запознал свети Кирил е тоа што истакнати западни научници во тоа време биле свесни за постоењето на посебно писмо на скандинавските Нормани. Тоа писмо го спомнуваат под називот *Abecedarium Nordmanicum.* Познатиот Рабан Мавар, архиепископ во Мајнц од 848 и 856, во своето дело *De inventione linguarum,* дава преглед на буквите, покрај еврејските, латинските и грчките и на писмото од Норманите.[44]

Постоењето на писмото кое го користеле Норманите во IX век било познато како на Запад, така и на Исток. За неговото постоење знаеле по сите краеви каде што Норманите стигнале. Тоа писмо и јазик свети Кирил го совладал за време на својот престој во Херсон на Крим во зимата 860-861 година. Но, сепак останува уште едно прашање кое не е разјаснето од текстот во житието на свети Кирил. Таму пишува дека свети Кирил пронашол Евангелие и Псалтир пишувани на руски јазик. Прашањето е, од каде христијански богослужбени книги пишувани на јазикот од скандинавските Руси- Нормани во Херсон на Крим во зимата 860-861 година? На ова прашање има само еден одговор. Горе е изложено како истите тие Руси, после својата неуспешна опсада на Цариград во јуни 860, испратиле посланици во Цариград, преку кои барале да бидат крстени, а тоа било потврдено преку сведочењето на патријархот Фотиј,

[44]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 151-154.

дека тоа навистина се случило. Посланиците кои Рускиот цар ги испратил со желба да побараат да бидат крстени, во Цариград пристигнале во јуни 860 година. Според тоа Евангелието и Псалтирот напишани со руски букви кои свети Кирил ги пронашол во Херсон во зимата 860-861 година претставува драгоцено сведоштво за првите чекори на византиската држава и црква во процесот на покрстување на Русите.[45]

Цариградската влада многу озбилно пристапила во спроведување на политиката за покрстување на Русите, веднаш после доаѓањето на нивните посланици. За да се приближат Русите до Христовата вера, започнале со преведување на богослужбените списи на нивни јазик. На овој процес, му било потребно долг временски период. Не е случајно што свети Кирил во Херсон ги пронашол само Евангелието и Псалтирот, а не и другите богослужбени книги, како и целиот Стар и Нов Завед. Преводот на Евангелието и Псалтирот сигурно бил почеток на целокупниот процес, бидејќи се работи за најосновните и најопходни богослужбени списи. И, подоцна, кога свети Кирил се спремал за Моравската мисија, најпрво го превел Евангелието на словенски јазик. Според житието за свети Методиј, свети Кирил и Методиј во една прилика за време на совјата мисија во Моравија 863-867 ги превеле на словенски јазик само најосновните богослужбени списи, и тоа најпрво Псалтирот и Евангелието, Апостолот и одредени црковни служби, а остатокот од Светото Писмо и другите црковни списи се преведени покасно. Според тој наод, Методиј зел два попа скорописци, кои ги превеле сите книги од Стариот и Новиот Завед, од грчки на словенски јазик за шест месеци, помеѓу месец март и Митровден.[46]

Така, јасно е дека за преводот на Евангелието и Псалтирот од страна на добри пишувачи и познавачи на јазикот било потребно далеку помалку време, заправо онолку колку што било потребно помеѓу доаѓањето на руските посланици во Цариград во летото 860 година и крајот на 860 година кога свети

[45]Исто, стр. 155.
[46]Исто, стр. 156.

Кирил се запознал со овие преводи во Херсон. Кој ги направил тие преводи? Византиското разбирање на верата подразбирало дека секој народ треба да го слави Бога на својот јазик. Како ова сваќање се спроведувало е добро познато, кога царот Михаил и свети Кирил покасно им објасниле на Словените дека им е потребно писмо за да можат богослужбените книги да се преведат. Така, бидејќи Русите имале свој јазик, било потребно да се најде човек кој ги познава двата јазици. Најверовантно тоа бил некој Русин кој го познавал грчкиот јазик и писмо. Во житието на свети Кирил се вели кога ги пронашол Евангелието и Псалтирот пишувани на руски јазик, нашол и човек кој го говорел тој јазик[47] со кој долго време разговарал и после тој разговор го научил јазикот. Според тоа, пред да го научи свети Кирил рускиот јазик, со човекот разговарале на некој друг јазик. Не е ни чудно ако тој човек со кого разговарал свети Кирил, да е истиот тој човек кој ги превел Евангелието и Псалтирот на руски јазик и кој учествувал во процесот на покрстувањето на Русите. Конечно можеме да заклучиме дека пронаоѓањето на тие списи во Херсон од страна на свети Кирил, а и разговорот со човекот се вовед за процесот на покрстувањето на Русите во 988 година.[48]

Со сигурност се знае дека свети Кирил на Крим се сретнал со спомнатите богослужбени книги пишувани со руски букви. Исто така нема сомнеж дека тие се пишувани во Цариград. Сега се поставува прашањето, како тоа свети Кирил не ги сретнал тие преводи уште во Цариград и зошто не бил директно вклучен во мисијата за покрстување на Русите, кога веќе знаеме дека тој и претходно бил исраќан во многу големи и важни диломатски и црковни мисии? Одговорот најверојатно треба да го бараме во две околности, и тоа: Првата е дека кога дошле руските посланици во Цариград и кога била организирана мисијата за покрстување на Русите, свети Кирил не бил во Цариград. Познато е дека после

---

[47]Успенски, *Историја Византијског царства, II*, стр 37.

[48]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 156.

враќањето од посетата на калифот, се повлекол од јавниот живот и му се придружил на брат му свети Методиј и монасите на гората Олимп, от каде што се вратил дури после царевиот повик, да ја предводи Хазарската мисија. Втората, пак, околност е дека свети Кирил никогаш не бил ангажиран во покрстувањето на народите. И кај муслиманитие, а и кај Хазарите задачата на свети Кирил му била, преку полемизирање и со помош на своите интелектуални и филозовски вештини да го одбрани христијанството. Во Моравија негова задача ќе биде, да му донесе на веќе покрстениот народ христијанска просвета на јазикот кој ќе го разбираат. Тој нема да биде ангажиран од страна на царот и патријархот ни во мисијата за покрстување на Бугарите во 864 година, но не само заради тоа што тогаш бил во Моравија. Се смета дека цариградската влада во тоа време имала разработен механизам и добро смислена политика за спроведување на процесот за покрстување на странските народи во кои учеството на свети Кирил не било така неопходно. Таа политика најмногу доаѓа во израз за време на покрстувањето на Бугарите. Во врска со византиската мисија за покрстувањето на Русите ништо друго не е познато. Не се знае кој биле мисионерите и на кој начин го ширеле христијанството и употребата на руски преведените богослужбени книги. Не е познато ни дали нивната активност била ограничена само на Русите, или ги опфаќале и нивните словенски поданици. Тоа бил долготраен и постепен процес. Во 867 година патријархот Фотиј забележал дека Русите успешно ја прифатиле Христовата вера. На крајот во својот осврт на покрстувањето на Русите, свети Фотиј изразува желба тие да примат и епископи и пастири и верата на христијаните посебно да ја почитуваат. Со овие зборови тој ја искажува својата визија за рускиот народ за следниот чекор во процесот на покрстувањето на Русите, да тие добијат свој епископ, свој пастир.

Папата Никола I, во своите познати, *Одговори на бугарските прашања,* кој во крајот на 866 година ги упатил кон бугарскиот кнез Борис, опишува во кратки црти за мисијата на покрстувањето на бугарскиот народ, од почетокот, па се до моментот кога доаѓа до организирање на црковната организација и

поставување на епископи. Најнапред пишува папата, народот го покрстуваат свештеници, па откако ќе се умножи бројот на верниците и бројот на свештениците, им се поставува епископ. Во Бугарија за време на првата византиска мисија во период од 864 до 866 година, не е произведен ниту еден епископ, освен оние кои дошле од Византија да ги покрстуваат Бугарите.[49]

До 867 година процесот за покрстувањето на Русите се уште не ја достигнал фазата која би овозможила поставување на епископ. Фотиј се надевал дека тоа наскоро може да се случи. Но, за жал од одредени околности во 867 година Фотиј ќе биде отстранет од патријаршискиот престол и на негово место ќе биде вратен неговиот противник Игнатиј. Игнатиј ќе продолжи таму каде што Фотиј застанал и дури тој ќе им постави архиепископ на Русите.[50]

[49]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 156-157.

[50]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 157.

II. Мисијата на светите браќа Кирил и Методиј во Моравија

Промените што полека се појавувале во 9 век, ја смениле политиката на влијание како на Исток, така на Запад. Византија се ослободила од стегите на Исламот, кои ја зафатиле со Арабските освојувања и вршеле културно влијание преку обликот на иконоборството. Византија се најдувала помеѓу исламскиот Исток и романо-германскиот Запад, па така нејзината грчко-христијанска култура и позиција се исцртала вдолж нејзините граници. Но, сепак постоела некаква замислена рамка - обрач на превирања меѓу неа и Рим која полека, полека се стеснувала и доаѓало до нетрпение како кај едните така и кај другите.

Суверенитетот на Византија и нејзиното влијание на Запад се намалувал па речиси и згаснал, а пак папскиот *primus inter pares*[51] кој што Рим се трудел да го стави на пиедестал, се губел на Истокот. Тоа вселенско првенство што му било доделено на Рим со Вселенските собри, под Константинополско влијание станувало спорно, имајќи на ум дека од древната пентархија[52], три патријархати биле зафатени од освојувањата на Арапите и дишеле во исламски свет: Александрија, Антиохија и Ерусалим. Меѓу другото, Константинополската патријаршија следејќи го текот на настаните почнала да размислува како „вселенска црква на Истокот“. Започнала нова епоха во Византија со нови можности и остварувања како на воено-политички, така и на црковно-мисионерски план.

По смртта на царот Теофил, синот на царот Михаил II Травлос - се вратиле иконите, па откако патријархот Јован Граматик е детронизиран, на негово место е интронизиран за Константинополски патријарх - Методиј, во март 843 повторно почнало иконопоклонување и почитување. За нов наследник

---

[51] Прв меѓу еднаквите. За ова првенство на Рим зборуваат и се надополнуваат 34 Апостолски, 6-7 Никејски, 9 Антиохиски , 2-3 Цариградски и 36 Трулски собор. На Вториот вселенски собор во Цариград меѓу останатите одлуки на почетокот во 2 канон се зборува за распределба на јуриздикциите, а во 3 канон се зборува за „презвиа“ и „старешинство“ т.е. првенство по чест. Насловот гласи: „За тоа дека по Рим, Цариград е втор“ – Канон 3: „Епископот пак на Цариград да има првенство по чест, по епископот во Рим, зашто овој град (Цариград) е новиот Рим.“ *Свештени Канони на светата православна Црква*, Велес 2011, 99 и 182.

[52] Древните патријарси на: Рим, Константинопол, Александрија, Антиохија и Ерусалим.

на царскиот трон по Теофила, е избран неговиот син Михаил III. Царот Теофил со неговата жена Теодора имале 6 деца: синот Михаил, и ќерките: Марија, Текла, Ана, Анастасија и Пулхерија.[53]

Наследникот Михаил III бил малолетен имал само 3 години, па регенството го презела царицата мајка му Теодора.[54] Патриархот Методиј бил безгласен, зашто царицата со помош на логотетот Токтист покажала толерантност и ги аболицирала сите иконоборци предходно. По смртта на патријархот Методиј на негово место дошол Игнатиј,[55] а тоа значело позицирање на зилотските струи во Константинополската патријаршија. Но понатамошниот период ќе каже дека и Игнатиј не бил одминат од политичките промени во државата и како таков и го завршил својот век на владеење со патријаршискиот трон.

Кога наполнил царот Михаил 16 години, по наговор на вујко му Варда, решил да го преземе тронот и со тоа се исполнила Вардовата желба да биде раскинат сојузот меѓу царицата Теодора и логотетот Теоктист. Во таа 856 година многу работи се смениле како во политичкиот, така и во црковниот живот. Имено, неможејќи да го издржи понижението на брата си Варда, царицата направила неуспешен атентат врз својот брат. Варда за да не ја убие, решил да ја казни со тоа што ќе ја испратил во манастир и таа ќе биде замонашена. Веднаш по смената на власта дошло до судир меѓу цезаро - намесникот Варда и патријархот Игнатиј, кој што, како што пишуваат византиските хроничари постојано го презирал неморалниот живот на Варда и

---

[53] Царот Теофил, бидејќи долго време немал син тој се плашел дека неговата Аморијска династија ќе престане да владее, па наредил да се оковаат пари со ликовите на неговите ќерки. Тие уживале голема почит во царскиот двор. Г. Острогорски, *Историја на Византија*, Скопје 1992, 271.

[54] Официјално регенството – заштитништвото на тронот, додека порасне малиот цар и припаѓало на најстарата жива сестра на малиот цар, а тоа е Текла. Но таа не се мешала во државничките работи. Меѓу останатите државни службеници и советници, голема улога одиграл и нејзиниот љубовник логотетот на дрома Теоктист, тој успеал да го истисне влијанието на сите па дури и на моќниот брат на царицата – Варда и директно да учествува во водењето на државата. *Исто*, 271-272.

[55] Син на еден од предходните цареви - Михаил I Ренгабе. Игнатиј по смртта на татко му се замонашил во студитските манастири, кој бил прочуен по нивниот зилотизам и борба која ја воделе со иконоборските патријарси Терасиј и Никифор. *Исто*, 272-273.

одбил да ја замонаши царицата Теодора. Заради тоа бил принуден да се повлече од патријаршискиот трон. На негово место доаѓа најучениот и најзнаменитиот Фотиј, за Константинополски патријарх.

Со доаѓањето на Фотиј за патријарх, се создале две црковни струи во патријаршијата, на Фотиј и на предходниот патријарх Игнатиј, а проблемот требало да биде решен со потврда од Рим, кој требало да го признае новиот патријарх Фотиј. Новиот патријарх испратил решенијата на Синодот (синодикон) во Рим, но и таму имало смена на тронот, за нов папа на Рим бил избран еден од најголемите дипломати и амбициозни епископи, Николај I. Тој одбил да го признае

Неофицијалниот сојуз меѓу Константинополската патријаршија и Византија го охрабрило Фотиј да ги остварува плановите и цврсто да се издига со својата јуриздикција, како единствен патријарх во Византија. Пред Византија и пред патријаршијата се наоѓале големи подеми меѓу Словените и воопшто словенските земји, па како се ширела државата, несомнено се наметнувала и јуриздикцијата на црквата. Никој не можел да се спротивстави или да забрани ширење на истата, зашто Рим – официјално не го признавал предстоителот на патријаршијата, а останатите три древни патријаршии биле во сопствени проблеми со Арапите, па не воделе грижа воопшто за дијацезата и новите предизвици пред кои се исправила и Византија и Константинополската патијаршија.

Додека Византија се занимавала со Арапите и воено интервенирала кон нив, се случил еден чуден настан во 860 година. Имено, Русите успеале да се пробијат по воден пат и го опколиле Константинопол. Се разбира, безуспешно. Но на Византија и останало во сеќавање, таа храброст на Словените. Тие биле непознат народ за нив. За да ја решат еднаш, засекогаш нивната закана, а притоа без воено да интервенираат, зашто воените ресурси им биле потребни за евентуални напади од Арапите, решиле да се советуваат со патријаршијата и да ги придобијат на културен и верски план – т.е. да им го наметнат христијанството и преку мисија да го решат тој прблем. Ова бил планот на

Фотиј, кој што решил да ги стави на располагање на државата, едни брилијантни умови на Црквата Христова. Предходно преку нив, ги подобриле односите со Сарацените и Хазарите, да не би тие да се вмешаат во развојот и мисионерски да делуваат во новите словенски земји.

Во 862-864 година на европскиот југоисток дошло до прегрупирање на политичките сили и до заострување на меѓусебните односи на одделни држави. Бил склучен бугарско – германски сојуз, кој бил закана и за Византија и за Моравија, па затоа Ростислав се обратил за помош до Византија. Познато е дека кон крајот на 862 година Ростислав заедно со внук му Светополк испратил во Цариград пратеници со молба до императорот Михаил Трети (856-867) да испрати во Моравија проповедници, кои можат да им го објаснат на нивниот јазик христијанското учење. Целта која го терала Ростислав да се обрати кон Византија со оваа молба, се објаснува со тоа што тој, откако ја издигнал Моравија до положба на политички самостојна држава, сега се стремел во исто време да ја постави државата во таква положба и на црковен план и преку тоа конечно да го прекине германското влијание, бидејќи Моравија се наоѓала во зависност од посавскиот епископ, којшто бил верен слуга на Лудовиг Германски.

Во тој период се случило нешто сосем неочекувано. Имено, Велика Моравија се обратила до Византија со молбено барање. Најрелевантни извори за овие настани, освен историските сведоштва, ни се опширните житија на светиот Константин – Кирил Филозоф и опширното житие на светиот Методиј.[56] Во житието на свети Кирил е запишано: „*Ростислав, кнезот на Моравија, научен од Бога одржал совет со своите принцови и Моравјаните, и пратил (пратеници) кај Цезарот Михаил, велејќи: ‚Иако нашите луѓе го отфрлија незнабоштвото и го чуваат законот христијански, немаме таков учител кој на нашиот јазик ќе ни ја претстави вистинската христијанска вера па и другите земји,*

[56] За писател на двете опширни житија се смета дека е свети Климент Охридски. Но тоа е само предпоставка, бидеќи стилот на кој се пишувани, најмногу одговара на свети Климента.

*угледувајќи се , да станат како нас . Па прати ни Господине, епископ и учител таков. Бидејќи од вас за сите земји произлегува добар закон.*' "[57]

Во однос на писмото упатено од Ростислав до царот Михаил III, во житието на светиот Методиј е запишано: „*Се случило во тие денови, Ростислав, кнезот словенски, со Свјатополк да исправи луѓе од Моравија кај цезарот Михаил, велејќи: ,Ние сме здрави по Божја благодат. Дојдоа кај нас многу учители, Италијанци и Грци и Германци, и не учеа на многу начини, а ние сме Словени, едноставни луѓе, и ние немаме (некој) кој ќе не води и ќе ни ја даде вистината и знаењето.Така, добар господару, испрати ни маж кој ќе не води сите нас кон вистината.*' "[58]

Се поставува прашањето зошто било испраќањето на писмото и повикот на моравскиот кнез Ростислав до Византија? Таа, територијално се наоѓала многу далеку од Велика Моравија и духовната јуриздикција била на Римската црква, а не на Константинополската. Велика Моравија во тоа време како словенска земја, се наоѓала помеѓу чекан и наковална, т.е. меѓу Германија и Бугарската држава на кнез Борис. Ростислав се плашел од сојузот меѓу овие две земји, во кој како последица би било заробување на Велика Моравија, па затоа испраќа писмо и повик до Византија, за да ја придобие на своја страна. Молбата не ја испраќа до Рим, зашто тој би испратил мисионери кои би го латинизирале словенското население. Затоа и Ростислав во писмото спомнува: „*дојдоа кај нас многу учители, Италијанци и Грци и Германци*" што напоменува на фактот дека веќе почнале да се прават мисионерски обиди.

Царот Михаил III во договор со цезаро – намесникот Варда и патријархот Фотиј одлучуваат да го прифатат молбеното барање на Ростислав и за тоа го задолжиле Константин Философ, ученик на патријархот Фотиј, како веќе

---

[57] Насловот на житието гласи: „Житие и живот на блажениот учител наш Константин Философ, првиот наставник на словенскиот народ". Климент Охридски, свети, *Собрани дела: слова, поуки, житија*, Скопје 2012, 468.

[58] Насловот на житието гласи: „Шести ден од месец април, спомен и житие на блажениот отец наш и учител Методиј, архиепископ моравски". *Исто*, 484-485.

докажан мисионер на патријаршијата и на Византија. Откако разговарале со него и го убедиле да ја преземе одговорноста на свои плеќи, позитивно му одговориле со писмо на Ростислав и почнале со подготовките.

*„Цезарот, собирајќи совет, го викна Константин Филозоф, му го даде ова на знаење и рече: ‚Филозофе, знам дека си уморен, но ќе треба да одиш таму, затоа што оваа работа никој не може да ја направи, само ти.‘ Филозофот одговорил: ‚Моето тело е уморно, и јас сум болен, но ќе одам со задоволство, но, ако тие имаат букви за својот јазик.‘ Цезарот му рече: ‚Мојот дедо и мојот татко и многу други сакаа да ги пронајдат, но не ги пронајдоа, како можам јас да ги пронајдам.‘ Филозофот рече: ‚Кој може да запише беседа на вода и кој би сакал да биде жигосан како еретик?‘ Му одговори на истото Цезарот повторно, со својот вујко Варда: ‚Ако сакаш, тогаш можеби тебе ќе ти ги даде Бог, кој им дава на сите кои бараат без сомнеж и му отвора на оној кој тропа .‘ Пошол пак Филозофот, и по стариот обичај почнал да се моли со другите помошници. И наскоро му откри Бог, кој ги слуша молитвите на Своите слуги, а потоа тој го создаде писмото, и почна да ги пишува зборовите на Евангелието: ‚Во почетокот беше Словото и Словото беше во Бога и Бог беше Словото‘ и понатаму. И се радуваше цезарот, а во исто време и го славеше Бога со своите советници, и го испрати со многу подароци, и му напиша вакво писмо до Ростислав: ‚Бог, кој сака секој да дојде до познанието на вистината и да достигне високо достоинство, увидувајќи ја твојата вера и посветеност, создаде сега и во нашите години – букви за вашиот јазик – нешто што не му беше дадено (никому) од почетните времиња, за и вие да се приклучите кон големите народи кои го фалат Бога на својот јазик. И така ви го испративме оној на кого Бог му ги објави ‚маж чесен и побожен, книжник и филозоф. Прифати го дарот , кој е повреден и поголем од сребро и злато, и скапоцени камења, и минливото богатство, и појди со него брзо да го зајакнеш делото и со сето свое срце да Го бараш Бога. И не го отфрлај заедничкото спасение, но подигни ги сите да не се мрзливи и да тргнат по патот на вистината за и ти, приведувајќи ги со својата грижа кон познавањето на Бога, да добиеш награда за тоа во овој век и во иднина за сите*

*оние души кои веруваат во Христа, нашиот Бог, од сега па до крајот и да оставиш спомен на себе во идните родови како големиот Цезар Константин.*“ [59]

Почнувајќи уште од VI век, Словените почнале да се шират низ Европа и да се населуваат. Карло Велики 805 година ги запрел да се шират на запад, но Византија во тоа не успеала, па така тие се населиле на нејзина територија. Во тоа време Византија војува со Персија и со Арапите и е немоќна да ги сопре Словените, па пробува да ги асимилира. Со нив таа добива жив штит, т.е. одбрана од Аварите и Печенезите кои ја напаѓаат од север.

Византија го прифатила молбеното барање на Ростислав од дипломатски причини. Со нивно покрстување и воопшто нивната асимилација, таа во срцето на Европа си стекнува амбасадори и агенти, кои би работеле во нејзина корист. Преку тие амбасадори т.е. преку клириците, таа би се информирала за секоја нова прилика и неприлика и тоа би било нејзино биро за варварите или кратко речено државна безбедност и разузнавање. Византија сигурно го испланирала и тоа, како да делува и сето тоа да го спроведи. Византија имала на ум дека на ваков  начин е поисплатливо да покориш еден народ, отколку да водиш војна; тампон зони - државни пријатели кои би биле сурогати да се борат во иднина од нејзино име и крајната цел, стебло на наследници т.е. Византијците би станале претенденти на туѓите престоли. Овие се главните причини, зошто Византија прифатила да праќа мисионери во Велика Моравија.

Задолжен човек од страна на Византија за оваа мисија, нормално по препорака на патријархот Фотиј, бил тогашниот учен филозоф и хартофилакс во катедралниот храм света Софија – Константин филозоф. Тој зад себе имал две успешни мисии на Византија кај Сарацените и кај Хазарите. Пред да биде испратен на спомнативе мисии, прво бил хартофилакс, па потоа професор по Филозофија на високата школа во Магнаурскиот двор или уште наречена Магнаварум. Оваа школа била создадена од Варда, но практично изведена од

[59] *Исто*, 468-469.

Фотиј. Со основањето на оваа значајна школа, Варда создал седиште на византиската мисла, наука и просвета во која се негувале сите гранки на тогашната позната наука.[60]

Според податоците на Константиновото житие, гледаме дека тој го презирал светот, не го привлекувале државните функции туку иако млад, целиот бил посветен на Бога и Неговата наука. Од житието читаме дека од страна на Варда му биле нудени разни државни функции, но тој не прифатил ниту една. Но сепак, знаејќи го неговиот силен и ведар дух во науката, решиле да не го испуштат од рацете, туку да го стават на располагање на државата и црквата, па уште пред да биде поставен за харофилакс во катедралниот храм св. Софија бил пострижен во монашки чин. Не е запишано од кого е пострижен во монашката схима, но имајќи ја црковната пракса и традиција пред очи, сигурно тоа бил Фотиј. Тој бил негов духовен отец и учител, а истовремено и архиереј на Константинополската црква.

*„ ‚Овој млад филозоф не го сака овој живот, но сепак нема да го пуштам од (нашето) општество, туку да го пострижеме и да му дадеме духовна служба, нека биде библиотекар на патријархот[61] во Света Софија, можеби така ќе го задржиме.‘ И така со него и сториле. Минувајќи малку време со нив, отиде на Тесното море (Босфор) и избега тајно во еден манастир, го бараа 6 месеци и едвај го најдоа, и бидејќи не можеа да го принудат насилно на истата служба, го замолија да ја прифати учителската катедра и да предава филозофија на домородни и на туѓинци со сите соодветни обврски и примања. Тој тоа го прифати.“* [62]

Константин Филозоф како докажан мисионер и професор по Филозофија, на третото мисионерско патување заминува заедно со неговиот брат Методиј.

---

[60] Покрај Фотиј, таму работел и предавал и големиот научник Лав Математичар, којшто бил и нејзин раководител одреден период. Тој исто така бил учител на Константин Филозоф. Г. Острогорски, *цит. дело...* 275.

[61] Во тоа време патријарх Константинополски е Јован Граматик, којшто ја кренал иконоборечката ерес.

[62] Климент Охридски, свети, *цит. дело,* 444.

Константин – Кирил и во предстојната мисија се подготвувал со себе да го земе повторно брата си Методиј. Зошто бил потребен Методиј? Тој бил игумен на манастирот Полихрон во Мала Азија. Методиј пред да биде посветен на духовниот живот бил во служба на државата или поточно бил поставен за архонт во „словенска област". Таа сужба ја вршел на 20 годишна возраст и се претпоставува дека тоа е во периодот од 845 до 855 година.

За тоа каде се наоѓало ова словенско кнежество постојат повеќе хипотези но според истражувањата на повеќе научници и историчари тоа се наоѓало во струмичко – брегалничкиот регион во билизина на денешното село Крупиште кај Штип. Според истражувањата на тоа место се наоѓал некогашниот град Равен,[63] којшто најверојатно бил седиште на кнежеството.[64]

Таму светиот Методиј како воен управник кој живеел меѓу македонските Словени имал можност да го научи нивниот бит, живот, паганските обичаи и т.н. Тој како политички претставник на Византија успешно ја вршел својата служба, но сепак целта на државата не била само тој да управува, туку и одблизу да ги научи обичаите на Словените и да се прилагоди меѓу нив. За ова ни сведочи и неговото житие: „*а Цезарот, откако разбра за бистрината негова, му даде да управува со славјанското кнежевство. А би рекол, дури и тој како да предвидуваше, дека ќе биде испратен меѓу Словените како учител и прв архиепископ, за да се научи на словенските обичаи и малку се привикне нив.*" [65]

Свети Методиј не можел целосно да ги преземе врз себе мисионерските дејности, зашто тој пред се бил, претставник на државата, но затоа подготвил терен за други мисионери. Според „Краткото Кирилово житие" кое уште се нарекува и „Успение Кирилово", се кажува дека светиот Кирил – Константин Филозоф уште пред да појде на мисија кај Сарацените, проповедал по течението на реката Брегалница меѓу Македонските Словени.[66] Второто Наумово житие,

---

[63] Јован Белчовски, *Црковна историја на македонскиот народ (книга прва)*, Скопје 2016,35.
[64] *Истото*.
[65] Климент Охридски, свети, *цит. дело,* 484.
[66] Јован Белчовски, *цит. дело,* 36.

исто така сведочи дека светите Браќа работеле, мисионерствувале и поучувале меѓу „далматинскиот и мизискиот род“. Под „мизиски род“ се подразбираат јужните Словени. За да имаме претстава кои се Словените кои се населиле во темата Македонија, мораме да дадеме кратка слика, зашто од тој народ подоцна ќе излезе целото мисионерско дело на светите Браќа меѓу Словените.

Во време на своето конечно населување на Балканскиот Полуостров, во првите децении од средниот век, Словените го населиле целото подрачје на Македонија, освен Солун. Таму тие наишле на голем број староседелци, кои имале големо влијание врз нивниот натамошен развиток. Освен тоа, преку територијалната распределба на темата (областа) Македонија се засилило и старото име на оваа област, иако старите Македонци исчезнале од историската сцена, името подоцна го презеле словенските племиња, населени во неа, како свое етничко име. Според академикот Блаже Ристовски името на Македонскиот народ што се употребувало до 11ти век било „Славини“ или „Словени“, освен што тие сами се викале така, така ги нарекувале и другите. Но името Македонија во никој случај не било заборавено.[67]

Византијците овие племиња ги нарекувале „Склавинии“, а Теофан Конфесор е првиот кој што ги набројува.[68] „Најјужно, по текот на реката Бистрица, а западно од Солун до Бер, се населиле Драговитите. Веднаш до нив биле сместени Велегезитите, северно од овие, на просторот помеѓу Охрид, Битола и Велес се наоѓале населени Берзитите (Брсјаците), чие име и денеска е зачувано во народот. Близу до Солун живееле Сагудатите, а источно од градот накај р. Струма и Халкидичкиот Полуостров — Ринхините. По долините на реките Струма и Струмешница се населиле Струмјаните или Стримонци, а источно од реката Места — Смолјаните. Еден дел од Драговитите подоцна се населиле и во Полог.“[69]

Уште по доаѓањето на новата постојбина врз Словените населени во Македонија, вршен е притисок за прием на христијанството. Меѓутоа заради

---

[67] Блаже Ристовски, *Македонија и македонскиот народ*, том 8, Скопје 2014, 19.
[68] Јован Белчовски, *цит. дело,* 31.
[69] *Истото*.

неразбирање на јазикот и силната приврзаност кон старата паганска религија, грчките мисионери немаат постигнато повидни резултати. Сепак, според некои сведоштва (Црноризец Храбар), латинско - грчката цивилизација, па и христијанската култура, имале големо влијание врз македонските Словени. И доколку тие не го примиле христијанството, сепак кај нив созревале услови за скор премин. Така, уште пред појавата на светите браќа Кирил и Методиј и словенската азбука, старите варварски рабоши -„црти и рески“ тие ги замениле во својот јазик со латински и грчки букви.

Светиот Методиј како управник на „словенското кнежество“ составил еден зборник со закони наречен: „Законь соудньйй людемь“ и тој бил наменет за да ја зацврсти дисциплината меѓу словенската војска.[70] Законот е напишан на словенски јазик, но со грчки букви, а воедно е и прв труд на целокупната словенска литература.[71] Професорот Белчовски истакнува дека, од овој законик јасно се гледа дека во словенското кнежесто постоела црковна организација.[72]

Светиот Кирил – Константин филозоф, по смртта на татко му, неговата издршка ја презел врз себе брат му Методиј, а Кирила постојано одел во негова посета во кнежеството и таму живеел и битисувал меѓу Словените. Па според тоа идејата за словенската азбука ја дал Методиј, а пак Кирила како „генијален филозоф и ревносен мисионер бил човекот кој сосема ја прифатил таа идеја и со помошта на брат му ја реализирал, па оттаму произлегува дека дејноста на солунските браќа во Македонија била пресудна и главна причина за создавањето на словенската азбука.“[73]

Свети Кирил - Константин Филозоф, доаѓал кај брат му Методиј во „словенското кнежество“ за време на летните месеци и таму мисионерствувал меѓу Словените. Градот Равен постанал христијански центар, а словенското кнежество прва христијанизирана територијална единица. За создавањето на

---

[70] Јован Белчовски, *Охридската архиепископија од основањето до паѓањето на Македонија под турска власт,* Скопје 1997, 30.

[71] *Истото.*

[72] *Истото.*

[73] Јован Белчовски, *Црковна историја...*, 36.

словенската азбука ни сведочи и делото *О Писменех* од Црноризец Храбар и од него гледаме дека азбуката настанала „6363 година од создавањето на светот" – според византиското летоброење. Тоа одговара на 855 година по Христа и целосно се совпаѓа со Методиевата дејност во „словенското кнежество".[74] Па затоа некои од научниците сметаат дека, неслучајно Ростислав го упатува писмото до царот Михаил, зашто разбрал дека во Византија веќе има покрстени Словени и оти тие имаат учители и свештеници на словенски јазик.[75]

Од сето до сега изложеново може да заклучиме дека словенското писмо или азбука, не било создадено после писмото на Ростислав и по наредба на царот Михаил или пак Варда. Тоа било создадено многу години порано, пред Великоморавската мисија.[76] Светите Методиј и Кирил – Константин филозоф во нивниот животопис се спомнуваат три мисии, но оваа мисија меѓу Словените во Македонија е предходница на сите тие.[77]

Преводите на црковните книги несомнено се отпочнати во „словенското кнежество", зашто и таму им била потребна богослужбената литература која се преведувала од богатиот грчки јазик. Потоа таа дејност е продолжена во Полихрон пред да заминат на Великоморавската мисија, па во Велика Моравија нивната преведувачка дејност кулминирала со најголеми успеси.[78] За основа на нивниот новосоздаден словенски јазик го зеле македонското словенско

---

[74] *Исто*, 37.

[75] Блаже Ристовски, *цит. дело,* 35.

[76] *Истото*.

[77] Професорот Белчовски кажува дека мисијата на светите браќа Кирил и Методиј во „словенското кнежество" кое било во рамките на Византија, „била прекината од освојувачките војни на кнезот Борис I (852-889), кон крајот на 855, кога тие предели паднале под бугарска власт". Од тие војни и пљачкосувања се толкуваат и зборовите во Методиевото житие во кое се кажува дека и тој многу страдал: „многу нереди и многу буни во овој живот" имал па заради тоа се повлекол на тишина и созерцание во манастирот Полихрон. Јован Белчовски, *Охридската архиепископија од основањето...*, 32-33.

[78] Јован Белчовски, *Црковна историја...*, 38.

наречје[79], а со преводите го овозможиле паганското словенско население да се запознае со христијанството во неговата суштина.[80]

Според содржината и писмото на Ростислав, Варда и Фотиј не се двоумеле кој да го испратат на мисијата. Академик Ристовски кажува дека светите Браќа „како византиски државно - политички и црковни достоинственици од највисок ранг“ имале само формално црковна мисија. Нивната дејност пред сè била чисто државничка, политичка и стратегиска.[81] Целта била таа, а тоа е несомнено, но сепак да не заборавиме дека тие во Велика Моравија ќе се затекнат со многу неприлики, на кои нема да подлегнат и ќе останат верни на својата пред сè, христијанска мисија, а потоа на државничката. Светиот Фотиј затоа ги избрал нив и ги предложил кај Варда, а овој пак кај царот, зашто тие биле „чисти садови и златоковани труби на богословието и лири на Светиот Дух“.

Мисијата во Велика Моравија која што ќе ја отпочнат во 863 година меѓу Словените во централна Европа, кои се под духовна Римска јуриздикција ќе има непроценливо значење за „целокупното словенство и посебно за словенската писменост и култура“[82] којашто можеби подоцна ќе се одрази и негативно врз самата Византија, зашто сепак тие во мисијата ќе делуваат пред сè како духовни просветители и будители, а потоа како државни пратеници, а тоа го гледаме од беседите и словата кои што се изречени меѓу населението.

Во 863 година тргнале за Велика Моравија и таму биле пречекани од кнезот Ростислав. Светите веднаш се оддале на делото за кое биле повикани, па откако го превеле целиот богослужбен чин[83]: Вечерна, Утрена, Први час, Трети, Шести, Деветти, Изобразителна, Повечерие и Тајната служба – Литургијата[84],

---

[79] *Истото.*

[80] *Истото.*

[81] Блаже Ристовски, *цит. дело,* 38.

[82] *Истото.*

[83] Богослужбени чинови или богослужбени обреди

[84] Во Литургиката, науката за православното богослужение, овие јавни црковни служби припаѓаат на дневниот круг богослуженија, покрај останатите седмични и годишни. Спомнативе богослужби се

почнале да богослужат и да ги учат и останатите на црковниот типик.[85] Во житието на свети Кирил, јасно е нагласено дека, прво нешто што го направиле е адаптација на преводот и негово објаснување врз богослужбите, па потоа постојано служење и поучување како да служат останатите т.е. еден вид да му всадат навика на населението да биде во постојана молитвена врска со Бога Троичниот. Таа мистична доктрина на христијанскиот Исток во тоа време е во голем подем, ако го анализираме учењето на светиот Фотиј, кое му го предал на својот ученик Кирила, ќе видиме дека свети Кирил заедно со брат му, останале доследни на Фотиевото учење и праксирање. Тоа учење е всушност постојаноста во молитвата и секое дело да започнува, трае и завршува со молитва. Умот да биде вперен во Бога. Таа е источната мистика од која подоцна ќе се роди исихазмот. Наспроти схоластичките методи на западната црква и нејзиното релативизирање на секое свето и богоугодно дело, Рим ќе го одведе далеку од вистинското христијанско патристичко предание и живот.

Во Кириловото житие се нагласува: *Според зборовите на пророкот*[86] *„им се отворија ушите на глувите“*[87] *за да ги чујат зборовите на Писмото, и стана јасен јазикот на „пелтениците.“*[88] Словените бргу напредувале во просветата со нивните просветители, и *Бог се зарадува на тоа, а ѓаволот се засрами.*[89]

---

постојани и се извршуваат секој ден. Тие се наречени уште и пофални часови. Лазар Мирковиќ, *Православна Литургика или наука за богослужението во православната источна Црква – втор, посебен дел ( дневни богослуженија, св. Литургии и седмични богослуженија)*, Охрид 2001, 7-11.

[85] Климент Охридски, свети, *цит. дело,* 469.

[86] Пророк Исаија

[87] „*Тогаш ќе им се отворат очите на слепите, ушите на глувите ќе се отнат; тогаш куциот ќе скока како елен, и јазикот на немиот ќе пее; зашто води ќе бликнат во пустињата, и потоци во степите. И водниот привид ќе се претвори во езеро, а жедната земја – во водни извори; во живеалиштето на шакалите, каде што тие се одмараат – ќе стане место за трска и рогозина. И таму ќе има друм, и патот по него ќе се нарече свет пат; нечистиот нема да оди по него; тој ќе биде само за нив; оние што одат по тој пат, дури и неискусните – нема да се загубат*“ (Исаија 35,5-8).

[88]„*И очите на оние што гледаат нема да бида закривани; ушите на оние што слушаат, ќе внимаваат. И срцето на лесномислените ќе умее да расудува; оние што говорат на нос, ќе говорат јасно*“ (Исаија 32, 3-4).

[89] Климент Охридски, свети, *цит. дело,* 469.

Како што напредувале во проповедта, така се повеќе се разгорувала јароста на *латинските клирици: владици, свештеници и ученици*[90]во чијашто јуриздикција се најдувале. Клириците на Римската црква се побуниле зошто богослужбата се одвивала на нов Словенски јазик и почнале на светите Браќа да им вршат притисок да престанат со мисијата, имајќи го пред очи фактот дека проповедта се ширела со неверојатна брзина и просветата почнала да раѓа плод. Нормално и поткрепата од кнезот Ростислав била многу битна, зашто сите расположливи ресурси на Велика Моравија биле ставени во служба на светите Браќа.

Латинските и германските архиереи и свештеници, за да наштетат на делото и мисијата од свети Кирил и Методиј, почнале да зборуваат дека не треба да се искоренуваат паганските обичаи на Словените, со цел овие да ја добијат нивната доверба, нешто што светите Браќа се труделе со најголема ревност да го искоренат. Тие го правеле тоа само да ги привлечат на своја страна Словените. За нив не била битна чистотата на верата, туку заради политичката потчинетост што сакале да ја извршат врз Словените, биле спремни и да погазат на христијанските заповеди. Но Словените веднаш ги препознале своите вистински пастири светите Кирил и Методиј, а латино-германските свештеници ги отфрлиле како наемници. Зашто тие не им го сакале доброто и не им било грижа за повереното стадо.[91] Тие буквално се однесувале како наемници и ги оправдувале нивните дотогашни пагански обичаи: *учеа и на други бесчествија, велејќи дека  под земјата живеат луѓе со големи глави, дека сите животни лазачи – се созданија од ѓаволот, и ако некој убие змија, за тоа ќе му бидат простени девет гревови, ако пак некој убие човек, да пие три месеци од дрвена*

---

[90] *Исто*, 470.

[91] Според зборовите на Евангелието: „*Добриот пастир си ја полага душата своја за овците; а наемникот, кој не е пастир, и кому овците не се негови, види ли волк да иде, ги остава овците и бега; и волкот ги разграбува и ги распрснува овците. Наемникот бега, зашто е наемник, и не се грижи за овците*“ (Јован 10,11-13).

*чаша, а да не допира стаклена. Не забрануваа ни да се принесуваат жртви според стариот обичај, ниту да се склопуваат нечесни бракови.*[92]

На сите овие бесчестија изговорени од овие „врани“ се спротивставил светиот Кирил, па со боговдахновени зборови ја одбранил верата онака како што бил научен од Светиот Дух. Таа апологија којашто вешто ја произнесувал, била една од многуте доктрини кои ги научил од неговиот учител - патријархот Фотиј.

Латино-германските клирици кога виделе дека не се впива нивниот збор, измислиле и нова заповед, а таа била дека не смеело да се проповеда на нов непознат Словенски јазик, туку само на: еврејски, грчки и латински и дека само на тие три јазици се оддава достојна почит на Бога. Тие велеле дека на Крстот на кој бил распнат Господ Исус Христос, на Пилатовата табличка, вината Христова била напишана на три јазици и само на тие била дозволена проповедта. Клириците се повикувале на стиховите од Евангелието: „Пилат, пак, напиша и натпис[93], и го кладе на крстот. А беше напишано: Исус Назареецот, Цар Јудејски. Овој натпис го читаа мнозина од Јудејците, бидејќи местото, каде што беше распнат Исус, беше близу до градот; а беше напишано на еврејски, грчки и латински “ (Јн.19,19-20). На табличката пишувало:

II. שו מנצרת, מלך היהודים - *еврејски*
III. **Ἰησοῦς ὁ Ναζωραῖος ὁ Βασιλεὺς τῶν Ἰουδαίων -** *грчки*
IV. **Iesus Nazarenus Rex Iudaeorum –** *латински*

Светите Браќа биле обвинети за ерес, од тие што проповедаат еретички учења. Светиот Кирил = Константин Филозоф со право ги нарекува: тријазичници (или Пилатовци).[94] Клириците најмногу се противеле на беседите и богослуженијата зошто тие да се вршат на словенски народен јазик. Ги обвинувале дека се агенти на Византија и дека богослужеле на територија за

---

[92] *Истото.*
[93] *„А над Него имаше натпис, напишан на грчки, латински и еврејски: ‚Овој е Царот Јудејски‘* “ (Лука 23,38).
[94] *Истото.*

која немале дозвола да вршат било каква проповед, зашто Велика Моравија не е јуриздикција на Константинопол, туку на Рим. Борбата и прогоните што ги вршеле латино – германските клирици, примила дури и политички карактер. Во таа борба се вклучил и Лудвиг Германски и му се нафрлил на кнезот Ростислав, заштитникот на светите Браќа. Лудвиг го обвинил Ростислав и упатувал закани кон него и неговата држава. [95] Исто така важно е да се напомене дека во тој период постои студен црковна војна помеѓу Рим и Константинопол и нивните предстојатели Николај и Фотиј.

Светите Кирил и Методиј биле принудени после 40 месечниот престој во Велика Моравија да заминат во Рим и да побараат дозвола од Римскиот папа (апостолник – како што се нарекува во житијата). По пат тие поминале низ Панонија, кај кнезот Коцељ и тој ги примил нивните книги и писма и им дал 50 ученици да ги научат и потоа тие да ја вршат мисионерската дејност низ Панонија.

На пат кон Рим, тие застанале во Венеција и таму повторно биле нападнати од страна на тријазичниците „епископи, попови и црнорисци, како врани на сокол“.[96] Како контра реплика на нивното обвинение, светиот Кирил Константин им укажува за: Ерменците, Персијците, Хазарите, Арапите, Иверците (Грузијци) Сугдите, Готите, Обрите, Турсите, Египќаните, Сиријците и многу други кои на свој јазик го имаат Евангелието. Па зошто Словените би биле лишени од таа чест да го немаат Евангелието на својот јазик. Неговото слово изговорено во Венеција пред тријазичниците е од големо значење и тоа има догматско-апологетски карактер иако целото е библиски издржано, па ако се анализира детално ќе сфатиме дека, иако е направено со комбинација и одбрани цитати од Светото писмо, сепак има примеси од учењето на Фотиј.

---

[95] Јован Белчовски, *Црковна историја...*, 41.
[96] Климент Охридски, свети, *цит. дело,* 471.

Им одговорил Филозофот: *Не врне ли дожд од Бога еднакво врз сите?*[97] *Не сјае ли сонцето за сите, не дишиме ли сите ист воздух? Како не се срамите да признавате само три јазици, а сите други народи и племиња да бидат слепи и глуви? Кажете ми, дали Го сметате Бога толку немоќен да не можел да даде, или толку завидлив, да нејќе? Ние знаеме многу народи кои се вешти на книгите и Го слават Бога секој на својот јазик. Познати се овие: Ерменци, Персијци, Абхазијци, Иверци (Грузијци), Согдијци, Готи, Авари, Турци, Хазари, Арапи, Египќани, Сиријци и многу други. Ако и ова не сакате да го разберете, познајте го судот на Писмата, зашто Давид извикува велејќи: „Запејте Му на Господа песна нова, запеј Му на Господа, цела земјо!”* [98] *И уште: „Воскликни Му на Господа, цела земјо; запеј, радуј се и пеј”* [99] *И на друго место вели вака: „Фалете Го Господа, сите народи, прославувајте Го, сите луѓе”* [100] *И пак: „Сè што дише нека Го фали Господа! Алилуја”* [101] *И во Евангелието се вели: „А на сите што Го примија – на сите што веруваа во Неговото име им даде можност да станат синови Божји.”* [102] *И пак во истото Евангелие: „Но не се молам само за нив, туку и за оние, што по нивните зборови ќе поверуваат во Мене, за да бидат сите едно, како што си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе,“* [103] *а во Евангелието според Матеј, Христос вели: „Ми се даде секаква власт на небото и на земјата. Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот. Амин!“* [104] *Марко исто така се вели: „Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание. Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден. А знаците, на оние што ќе поверуваат, ќе им бидат*

---

[97]„*Зашто Он го остава Своето сонце да грее над лошите и над добрите, и праќа дожд на праведните и на грешните*“ (Матеј 5,45).

[98] Пс. 95,1.

[99] Пс. 97,4.

[100] Пс. 116,1.

[101] Пс. 150,6.

[102] Јован 1,12.

[103] Јован 17, 20-21.

[104] Матеј 28, 18-20.

*овие: со Моето име ќе истеруваат бесови; ќе говорат нови јазици.“* [105] *А вам учителите на законот ви кажува: „Тешко вам, книжници и фарисеи, лицемери, затоа што го затворате царството небесно пред луѓето; оти, нити вие влегувате, ниту ги пуштате да влезат оние, што сакаат да влезат.“* [106] *И пак: „Тешко вам, законици, оти го зедовте клучот на познанието; сами не влеговте, а и на оние што сакаат да влезат им попречивте.“* [107] *А на Коринтјаните апостол Павле им рече: „Кој зборува на непознат јазик, тој се поучува сам; а кој пророкува, тој ја поучува Црквата. Но јас би сакал сите вие да зборувате на разни јазици, а уште повеќе да пророкувате: оти, кој пророкува, е поголем од оној, кој зборува јазици – освен ако и ги толкува, та Црквата да добие поука. А сега, ако дојдам при вас, браќа, и ви зборувам на разни јазици, каква полза ќе имате од мене, кога не ви се објаснува било со откровение, било со познавање, било со пророкување, било со поука? И бездушните предмети, како свирката или гуслата, што даваат глас, ако не даваат разни гласови, како ќе се разбере што се свири или гуди? Оти, ако трубата не дава разбирлив глас, тогаш кој ќе се готви за битка? Така и вие, ако со јазикот свој не изговарате разбирливи зборови, како ќе се разбере она што го зборувате? Ќе зборувате во ветар. Во светот има кој знае колку разни зборови, и ниеден од нив не е без значење. Ако, пак, не го разбирам значењето на тие гласови, тогаш за оној што зборува ќе бидам странец, а и тој за мене туѓинец. Така и вие, бидејќи сте ревнители за духовни дарови, грижете се да ги добиете во изобилност, за поука на Црквата. Затоа, оној што зборува на стран јазик, нека се моли за дар да може да го толкува. Оти, ако се молам на непознат јазик, се моли мојот дух; умот, пак, мој останува бесплоден. Па што да се прави? Ке Му се молам со дух, ќе се молам и до ум; ќе Го фалам Бога со дух, ќе Му пеам и со ум. Зашто, ако благословуваш со дух, како ќе рече: ‚амин‘ на твојата благодарност простиот човек, кога не разбира што велиш? Ти благодариш добро, но другиот не се поучува. Му благодарам на Мојот Бог, оти од сите вас зборувам повеќе јазици;*

[105] Марко 16, 15-17.
[106] Матеј 23,13.
[107] Лука 11,52.

*но в црква повеќе сакам да кажам пет зборови разбирливи, за да поучам и други, отколку илјадници зборови на непознат јазик. Браќа, по умот немојте да бидете како деца; за злото бидете младенци, а по умот зрели. Во Законот е напишано: ,На туѓи јазици и со туѓа уста ќе му зборувам на овој народ, но и така нема да ме послуша, вели Господ.'* [108] *Затоа јазиците се знак не за оние што поверувале, туку за оние што не поверувале; пророштвата, пак, не за оние што не веруваат, туку за оние што веруваат. Ако, пак,целата Црква се собере на едно место и сите почнат да зборуваат на непознати јазици, а дојдат и прости луѓе или неверници, нема ли да речат дека сте полуделе? Но, ако сите пророкуваат, а дојде некој прост човек или неверник, него сите ќе го изобличат и сите ќе го осудат, така што тајните на срцето ќе му се откријат, и тој, откако падне на колена, ќе Му се поклони на Бога и ќе рече: ,Навистина, со вас е Бог'. Па што, браќа? Кога ќе се собирате, и секој од вас има - кој псалм, кој поука, кој јазик, кој откровение, кој толкување - сè да се врши за поука. Ако некои зборуваат на непознат јазик, нека зборуваат по двајца, или најмногу тројца, и тоа по ред, а еден да толкува. Ако пак, нема толкувач, тогаш в црква да молчат, а нека си зборуваат во себеси и на Бога. Пророците, пак, да зборуваат по двајца и тројца, а другите да расудуваат. Но, ако некому што седи му дојде откровение, тогаш првиот нека замолчи. И така, еден по друг можете сите да пророкувате, та сите да се поучувате и сите да се утешувате. И пророчките духови им се покоруваат на пророците; оти Бог не е Бог на безредие, туку на мирот. Така е по сите цркви меѓу светиите. Жените ваши по црквите да молчат: ним не им е позволено да зборуваат, туку да се покоруваат, како што вели и Законот.* [109] *Ако, пак, сакаат да научат нешто, нека ги прашаат мажите свои дома; зашто срамно е жена в црква да зборува. Зар од вас излезе словото Божјо? Или, пак, само до вас стигна? Ако некој мисли дека е пророк или исполнет со дух, нека разбере дека ова што ви го пишувам се Господови заповеди. А кој не разбира, нека не разбира. И така, браќа, грижете се да пророкувате, но не забранувајте да се зборува и на разни*

---

[108] Спореди: Исаија 28,11-12.

[109] Спореди: 1 Мојс. 3,16.

*јазици. Сѐ да се врши како прилега и уредно.“* [110] *И повторно рече „и секој јазик да исповеда дека Исус Христос е Господ, за слава на Бога Отецот“* [111] *Амин!*

Во житијата јасно е нагласено дека светите Браќа, од кнезовите Ростислав и Коцељ не побарале и не зеле никакви земни и материјални блага,[112] туку побарале помирување и отпочнување на нов богоугоден живот меѓу Словените. А за тоа ни сведочи и фактот дека тие од спомнатите кнезови побарале ослободување на *деветстотини пленици*[113] (затвореници). Во Кириловото житие се кажува дека светите Браќа, од Велика Моравија преку Панонија пропатувале низ Венеција и таму им стигнал повикот на апостолникот (папата) Николај I да отидат во Рим. Но сепак битно е да се спомне еден мал податок кој што е запишан во Методиевото житие, а тоа е дека после четириесет месечниот престој во Велика Моравија, преку Панонија низ Венеција тие се вратиле назад во Константинопол. Најверојатно да дадат отчет пред царот и патријархот. Не по многу време, до нив стигнува повик од апостоликот Николај, кадешто тој ги повикува во Рим.

Овој податок е незанемарувачки, зашто кога тргнуваат од Константинопол за Рим, тие со себе ги земаат моштите на светиот папа Климент Римски, коишто на чудесен начин ги откриле во Херсон. Затоа битен е податокот дека тие се вратиле назад, па потоа заминале за Рим. Тие сигурно со себе не ги носеле моштите на светиот Климент Римски, за време на нивниот тригодишен престој во Велика Моравија. Најверојатно моштите се земени со дозвола на патријархот Фотиј, со цел да се затоплат односите меѓу црковен Рим и Константинопол.

---

[110] 1 Кор. 14,5-40.

[111] Филип. 2,11.

[112] Тие се труделе во потполност да ги исполнат заповедите Христови. Па според Христовите зборови така и постапувале: *„Болни лекувајте, лепрозни очистувајте, мртви воскреснувајте, бесови изгонувајте! Бесплатно добивте, бесплатно давајте! Не носете во појасите ваши ни злато, ни сребро, ниту бакар, ни торба за пат, ни двојни алишта, ниту обувки, ниту стап; зашто работникот ја заслужува својата награда!“* (Матеј 10,8-10).

[113] Климент Охридски, свети, *цит. дело,* 471.

Патувањето до Рим било мошне долго, иако повикот го упатил папата Николај, дури стигнале во Рим тој починал, а на негово место ги дочекал апостоликот Адријан II, кој со големи почести ги примил светите Браќа.[114] Со подарокот што го носеле, сите ликувале од радост, па со свечени литии биле внесени во Рим моштите на светиот Климент папа Римски. Во Кириловото житие се спомнува дека моштите веднаш почнале да чудотворат и од нив се лекувале болни од различни болести.[115] Во истото житие, се спомнува фактот дека светите мисионери и таму посакале мир и општо радование за сите, па затоа побарале да се ослободат римски затвореници да можат и тие да дојдат да се радуваат на свети Климента и пронаоѓањето на неговите светите мошти.[116]

Апостоликот Адријан ги примил светите Кирил и Методиј во црквата посветена на Пресвета Богородица[117] и од нив побарал известие за проповедта на Словенскиот јазик и образложение дека секој народ треба да го слави Бога на својот јазик, а не како што тврдат тријазичниците. Папата им се восхитил на боговдахновените зборови и им го благословил трудот и дозволил да се продолжи мисијата меѓу Словените на нивниот јазик. Светите Браќа ги зеле со себе преводите и го промовирале својот труд. Во житието се спомнува дека папата „ги осветил книгите и отслужил Литургија над нив" , тоа не било буквално осветување, зашто во Црквата таков чин е непознат. Најверојатно се мисли дека, на светата Литургија со која папата чиноначалствувал, Евангелието покрај тоа што било прочитано на латински јазик, било прочитано и на словенски јазик. Со овој чин била заокружена успешноста на духовната мисија, а благословот на Римскиот папа бил само потврда за нивната неуморна работа, но и светла искра со која почнувало да се гледа ракувањето на двете првоерархни цркви – Рим и Константинопол.

---

114 Јован Белчовски, *Црковна историја...*, 41.
115 Климент Охридски, свети, *цит. дело,* 475.
116 *Истото*.
117 Санта Марија Маџоре, која се именува и „Фатни" – јасли, зашто во неа се чуваат дел од витлеемските јасли во кои бил положен богомладенецот Христос.

Папата им наредил на двајца свои епископи Формоза и Гаудерих да го хиротонисаат во чин епископ светиот Методиј[118] а дел од учениците[119] да ги ракоположат во свештенички чин. Ова значело и официјално влегување на светите Браќа, под јуриздикција на Римската црква. „*И кога ги посветија, веднаш отслужија Литургија на словенски јазик во црквата свети апостол Петар, а следниот ден служеа во црквата света Петронила и на третиот ден служеа во црквата на Свети Андреј, а оттаму во црквата на големиот вселенски учител - апостол Павле. И цела ноќ пееја и Го славеа Бога на словенски, изутрина служеа над неговиот свет гроб, имајќи го на помош епископот Арсениј, едниот од седумте епископи, и Анастасиј[120] библиотекарот.*“

Земајќи ги во предвид сите горе наведени извори можеме да заклучиме дека Методиј прво бил поставен за епископ на Панонија, а потоа и за архиепископ на Моравија и Панонија. Тоа се случило во Рим, со благослов од папата, кој што и го хиротонисал. Сето ова е во склад со канонските одредби. Моравија, Панонија и Илирик духовно биле потчинети на римскиот престол, што ќе рече дека немало канонски пречки. Канонски пречки би имало доколку Константинополскиот патријар го хиротонисал Методиј за епископ, а потоа за архиепископ, бидејќи наведените области биле под ју риздикција на папата.[121]

Кратко по тоа, светиот Кирил – Константин философ, се разболел и боледувал со денови. Во неговото житие се спомнува дека бил замонашен тогаш во Рим. Но ако го следиме текот на настаните, тој е замонашен многу порано уште во Константинопол, пред да биде поставен за предавач на катедрата по

---

[118] Во методиевото житие е запишано дека го ракоположиле за свештеник, но тој веќе предходно бил игумен на манастирот Полихрон во мала Азија, а тоа значи дека вече бил со свештенички чин.

[119] Теолозите, историчарите и истражувачите на делото на светите Браќа, сметаат дека меѓу овие ученици бил и свети Климент, кој тогаш бил ракоположен во свештенички чин.

[120] Анастасиј е мошне значајна личност од црковно-политичкиот живот во тоа време. Неговите списи се важен извор за проучување на делото на светите солунски Браќа. Климент Охридски, свети, *цит. дело,* 475.

[121]Александар Атанасовски, *Кој, кога и зошто го поставил св. Климент Охридски за епископ?,* Владетел, държава и църква на балканите през средновековието, Соборник в чест на 60-годишнината на проф. Д-р Пламен Павлов, Част1, Велико Търново, 2020.

Философија во школата на Магнаурскиот двор. Тој во Рим го примил монашкиот завет на голема схима, станал големосхимник, а тоа значи целосно посветен на Бога. Зашто пред да биде посветен на *светиот монашки образ*[122] како што се спомнува во неговото житие, тој имал видение од Господа и после тоа рекол: *„Отсега не сум слуга, ниту на царот, ни на кој и да е друг на земјата, туку само на Бог Седржителот. И бев и ќе бидам засекогаш. Амин“* Пред да се упокои во Господа, преднавестувајќи си ја својата смрт на брат му Методиј му рекол:

*„Ете, брате, ние бевме зедно впрегнати во ралото и оравме една бразда, но јас паќам на нивата, откако го завршив својот дел. Но ти многу ја сакаш планината* (манастирот Полихрон)*, но немој заради планината да го оставиш нашето учење, оти со него можеш да бидеш спасен.“* [123]

Светиот Кирил се упокоил 50 дена[124] после примањето на *светиот монашки образ* на *четиринаесеттиот ден од месец февруари, индикт втори, во 6377 година од создавањето на овој свет.*[125] Според ова светиот Кирил починал на 14 февруари, 869 година.[126] Светиот Кирил е погребан со највисоки државни и црковни почести. Еве што вели житието за тој настан:

*Им заповеда апостоликот на сите кои беа во Рим, и на сите Римјани, исто така, да се соберат со свеќи да пеат над него, и да му направат таков погреб, како на апостолик Римски. Така и сторија. Методиј, братот негов, го молеше апостоликот (папата), велејќи: „Мајка ми нѝ даде заклетва, оној од нас, кој прв ќе појде на суд при Господа, неговиот брат да го пренесе во манастирот Полихрон на Олимп и таму да го погреба“. Заповеда апостоликот и да се положи во сандак и да се затвори со железни клинци, и така го чуваа седум дена, додека се подготвуваа за патувањето. Тогаш му рекоа на*

[122] *Исто*, 476.
[123] *Исто*, 485-486.
[124] *Исто*, 476.
[125] *Исто*, 477.
[126] Јован Белчовски, *Црковна историја...*, 41.

*апостоликот, римските епископи: „Затоа што Бог, иако тој патуваше во многу земји, дојде тука и тука ја даде својата душа, тука е подобно да лежи како чесен маж.“ Тогаш рече апостоликот: „Па заради неговата светост и љубов ќе го погребам во мојот гроб во црквата на Свети Петар, кршејќи ги римските обичаи.“ Одговори неговиот брат Методиј: „Ако мене не ме послушавте и не ми го дадовте да го вратам назад, тогаш ако ви е угодно, нека биде погребан во црквата на свети Климент Римски, со кој дојде тука.“ Заповеда апостоликот да се стори така, и кога се собраа сите епископи, и монаси, и сите луѓе да го носат со чест, и сакаа да го положат, рекоа епископите: „Отстранете ги клинците, да видиме дали е цел и дали е земено нешто од него.“ И многу се измачија но не можеа со Божјата волја да ги извадат клинците од сандакот. И така со сандак го ставија во гробот од десната страна на олтарот во црквата на свети Климент Римски, каде што почнаа тогаш многу чуда се случуваат. Гледајќи го ова, Римјаните почнаа уште повеќе да ја почитуваат неговата светост и насликувајќи му икона над неговиот гроб, запалија кандило над него и дење и ноќе, славејќи го Бога, но славејќи ги и оние кои Го слават Господа, а за Него, слава и чест во веки. Амин.“* [127]

По смртта на светиот Кирил во 869 година, светиот Методиј тргнал да оди во Велика Моравија со писмото кое предходно му го дал папата Адријан, во кое се барало, Методиј да биде примен од страна на кнезовите: Ростослав, Коцељ и Светополк, како мисионер, кој е под закрилата на Римската црква. Но бидејќи, Ростослав е мртов, Методиј оди кај кнезот Коцељ во Панонија. За непречено да продолжи да ја врши својата мисионерска дејност светиот Методиј со уччениците, Коцељ го испраќа повторно во Рим, да биде интронизиран во архиепископ на Панонија, на древниот престол на светиот Андроник.[128]

---

[127] Климент Охридски, свети, *цит. дело,* 477-478.

[128]Апостол од седумдесетте, живеел во првиот век. Роднина на светиот апостол Павле, како што пишува самиот Павле во Посланието до Римјаните: „*Поздравете ги Андроника и Јунија, моите сродници и созатвореници, кои се прочуени меѓу апостолите и кои уште пред мене поверуваа во Христа“* (Рим. 16,7). Андроник бил епископ на Панонија, но не живеел на едно место, туку го проповедал Евангелието

Папата Адријан го поставува светиот Методиј, за архиепископ на Сирмиум[129]во Панонија на престолот на светиот Андроник, со јуриздикција врз Велика Моравија и Панонија. Штом стигнал таму повторно имал напади од латинските клирици кои му велеле: *„Ти учиш во наша област, А тој одговори: јас да зднаев дека е ваша, ќе ја одминев. Но таа е на свети Петар.“*[130] Сакајќи да им каже дека е под јуриздикција на Римската црква и дека е поставен од папата за архиепископ на Панонија и Велика Моравија. Зашто папата е наследник на тронот на светиот апостол Петар, па затоа им вели таа е од свети Петар, сакајќи да каже дека папата е тој, кој што поставува и разрешува.

Нападите против светиот Методиј, не стивнале. Најголемиот непријател на неговата дејност бил бискупот на Нитра – Вихинг. Светиот Методиј бил изведен на суд во 870 година, пред тројца германски бискупи: посавскиот, салзбуршкиот и фризишкиот.[131] Му се судело за проповед во туѓа јуриздикција, иако тој веќе бил клирик на Римската и бил легално поставен. Бил затворен и многу страдал во германскиот затвор во Ратисбона. Ослободен по интервенција на папата Јован VIII, во одлуката било заповедано да престане да служи на словенски, а пак, бискупите биле дисциплински казнети од папата.[132] Светиот Методиј не се враќа на неговиот трон во Панонија, бидејќи Коцељ е мртов, туку оди кај Светополк во Велика Моравија.

Додека светиот Методиј бил затворен во Германија, мисијата во Панонија и Велика Моравија течела без застој, зашто Методиј во тој момент имал околу 200 ученици, кои проповедале и богослужеле.[133] Откако бил ослободен, за кратко време од истите бил повторно обвинет за *filioque*.[134] Во периодот од 879

---

по цела Панонија, заедно со неговата помошничка Јунија. Николај, епископ, *Охридски пролог – житија, размислувања и беседи*, Охрид 2009, 429.

[129] Сремски Карловци

[130] Климент Охридски, свети, *цит. дело,* 487.

[131] Јован Белчовски, *Црковна историја...*, 42.

[132] *Истото*.

[133] *Истото*.

[134] Filioque (филиокве), тоа е погрешно римокатоличко учење кое светиот Методија жестоко го отфрлал. Според тоа погрешно догматско учење: Светиот Дух исходи (произлегува) И ОД СИНОТ и од Отецот. Додека точното православно учење вели дека Светиот Дух исходи (произлекува) само од Отецот, но не и

до 880, светиот Методиј бил приморан да оди во Рим и пред папата Јован VIII да се брани и да го одбрани правилното догматско учење. Светиот Методиј бил доследен на учењето на својот брат Кирил и учењето на неговиот учител светиот Фотиј, коешто било всушност и учењето на Источната црква. Папата издал була наречена *Industriae Tuae*, со која го потврдил правилното догматско учење на светиот Методиј, па со друг декрет исто така го потврдил и за архиепископ на Сирмиум со јуриздикција врз Панонија и Велика Моравија.

Кога се вратил назад изнемоштениот Методиј, уште кратко време поживеал иако нападите од латинските клирици воопшто не стивнале. Се упокоил во Господа на 6 април 885 во Велеград.[135] Во Методиевото житие се вели:

*На Цветници се собраа сите луѓе, тој влезе во црквата иако беше болен, ги благослови царот и кнезот, свештенството и сите луѓе и рече: „Чувајте ме деца, до третиот ден.“ Така и беше. Кога на третиот ден почна да се разденува, пак рече: „Во твоите раце.Господи, ја предавам својата душа“* [136] *и почина на рацете од свештениците на 3 ден од месец април во третиот индикт во 6393 година од создавањето на сиот свет. Неговите ученици, приготвувајќи го за погреб, и давајќи му достојна чест ја служеа црковната служба*[137] *на латински, грчки и словенски и го положија во соборната црква.* [138]

---

од Синот. Во *Симболот на верата*, кој што е уште наречен и Никео – Цариградски символ, бидејќи е составен на првите два вселенски собори во Никеја 325 и Цариград 381, во 8 член е запишано: *„И во Светиот Дух, Господ, кој живот твори, Кој исходи од Отецот, на Кого се поклонуваме и Го славиме заедно со Отецот и Синот, и Кој говорел преку пророците.“*Ова учење предизвика спор (расправија) во Црквата и кулминираше со шизма ( Големиот раскол) од 1054 година, кога Црквата се подели на Источна (православна) и Западна (римокатоличка). Сообразно со Светото писмо, православната Црква учи дека Светиот Дух произлегува само од Отецот. *„А кога ќе дојде Утешителот, Кого што ќе ви Го испратам Јас од Отецот, Духот на вистината, Кој излегува од Отецот, Он ќе сведочи за Мене“* (Јован 15,26). Климент Охридски, свети, *цит. дело,* 490.

[135] Јован Белчовски, *Црковна историја...*, 45.

[136] Тоа се истите зборови со кои Господ Исус Христос издивнал на Крстот: „Исус извика гласно и рече: ‚Оче, во Твои раце Го предавам Својот дух!‘ И штом го рече тоа, издивна“ (Лука 23,46).

[137] Опело, погребение.

[138] Климент Охридски, свети, *цит. дело,* 492.

Светиот Методиј за свој наследник го избрал светиот Горазд, еден од учениците негови,[139] зашто тој бил домороден - родум од Велика Моравија.[140] Во тој момент умира и папата Јован VIII, на папскиот трон е избран Стефан V за негов наследник. Папата Стефан не го потврдил изборот на светиот Горазд за Методиев наследник во Сирмиум, на тронот на светиот Андроник во Панонија и Велика Моравија. Целосно ја забранил богослужбата на словенски јазик и воопшто проповедта меѓу Словените на словенски јазик. А наредната година од страна на латинските клириците и латинофилските кнезови се протерани и учениците на светите Кирил и Методиј од Панонија и Велика Моравија.

Важно е да се напомене дека во Велика Моравија светите Браќа, оставиле мошне богат словенски книжевен опус. Превеле многу книги, кои со помош на двајца свои ученици – свештеници (брзописци) успеале да ги завршат книгите на Стариот завет, освен Макавејските. Го превеле Евангелието и Апостолот и целиот богослужбен чин, Фотиевиот номоканон, Одредбите од 50-те глави на Јован Антиохиски, Патерникот и многу други.[141]

---

[139] Еден од Петточислениците - најверните и најенерични ученици на светите Браќа: Климент, Наум, Сава, Горазд и Ангелариј.

[140] Јован Белчовски, *Црковна историја...*, 45.

[141] *Истото*.

## III. Покрстување на Бугарите

За време на Моравската мисија кога светите браќа Кирил и Методиј го просветувале народот на разбирлив словенски јазик, од страна на Цариград била спроведена друга мисија во соседната, до тогаш паганско-антихристијанска настроена земја – Бугарија. Бугарската држава не можела повеќе да го одовлекува примањето на Христијанството, сметајќи дека колку повеќе го одовлекуваат, толку повеќе заостануваат на културно и политичко поле.[142] Па така, Бугарскиот кнез Борис заедно со своите поданици го примил крштението во втората половина од 864 година. После тоа во Бугарија дошле византиски мисионери и започнале да работат на преобраќање на бугарите и организирање на црквата. За тоа свети Фотиј вели дека Бугарите кои биле варвари, неочекувано се преобратиле во хистијанската вера. Со обзир на тоа што Бугарите цели два века, живеејќи во непосредна близина на Цариград и христијанската ромејска култура, им одолевале на сите христијански вредности, а и покрај тоа останувале тврди во своите пагански верувања, не е за чудо што сите биле зачудени од нивното прифаќање на христијанската вера.[143]

Самиот кнез Борис разбрал дека христијанството тешко ке биде примено од неговиот народ. Меѓутоа тој бил упорен и брзо започнал  со воведување на христијанството кај Бугарите. Кнез Борис заповедал да се срушат варварските свештилишта, а на нивно место да се изградат храмови на христијанството.На тој начин неговата намера била љубовта и почита во   паганските богови да бидат заменети со новиот Бог , меѓутоа ги потценил верувањата и отпорот кои тогашните варвари ќе го пружаат при воспоставувањето на христијанството. Покрај официјалното доаѓање на Византијци чија улога била покрстување на

[142]Георгиј Острогорски , *Историје Византије*, стр. 227.

[143]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 196.

Бугарскиот народ, дошле и други самопоканети луѓе да помогнат во покрстувањето. Па така имало и некој грк кои себеси се претставувал како презвитер и покрстил многу Бугари. Неговите лаги биле бргу откирени па тој бил осуден на најстрог начин , со отсранување на неговите уши и нос и прогонет од државата. Така постепено христијанството официјално било прифатено, меѓутоа во животите на Бугарите сеуште постоело паганството со суровата жестокост. Целиот тој хаос предизвикувал Грци , Арменци и луѓе од други места да одат во Бугарија со цел покрстување на народот, а меѓу нив биле и араби кои сакале да го проповедаат мухамеданството.[144]

За овој настан во 866 година кнез Борис го известил римскиот папа Николај I. Се смета дека тоа не било прв обид на арапскиот свет духовно да продре во Бугарија, па така редица политички и културни дејствија говорат за врски помеѓу бугарите и арапите во раниот среден век. Во 869 година, неколку години после покрстувањето на Бугарите, раководител на едно од паганските движења, павликанството се обидел да прати проповедници во Бугарија, со цел да им наметнат своето паганство на дел од Бугарите.[145]

Како што можеме да забележиме во тоа време во Бугарија , постоел хаос од проповедници од сите страни кои што сакале да извршат промени и оттуѓување од тогаш воспоставеното христијансво , па не е ни чудо што христијанската свест кај многу од Бугарите била сменета, а верувањето доведено до прашање да се откажат од него.[146]

Јосиф Генесиј за покрстувањето на Бугарите кажува дека тоа се случило после големата византиска победа над Арабите во битката кај Посон, која се одиграла на 3. септември 863 година. Бидејќи бугарскиот војсководец дознал за таа случка, одлучил да воспостави мир со Царството. Исто така, тој страдал поради својот народ кој бил притиснат од гладот. Со тоа сите се удостоиле на

[144] Васил Гюзелев, *Княз Борис Първи,* София 1969, стр. 82-85.
[145] Исто, стр. 85.
[146]Исто, стр. 86.

христијанското крштевање, а нивниот кнез Борис го избрал името Михаил, по името на царот. Во Бугарија биле испратени познати архиереи за да ја зацврстат христијанската вера.[147]

Во Хрониката на Симеон Логотед покрстувањето на Бугарите се случило после нападот на арабскиот војсководец Омар на византиската територија во 863 година, но пред византиската победа над нив во познатата битка кај Посон на 3. септември истата година. Царот Михаило со кесарот Варда, со своите војски тргнале против Михаило, кнезот Бугарски, откакако разбрале дека народот во Бугарија е прегладнет. Бугарите ја дознале намерата на царот Михаило и Варда, и сватиле дека немаат никакви можности да ја победат таа битка, па затоа веднаш побарале да бидат крстени и да му се потчинат на царот. Царот го крсти нивниот кнез Борис и му го дал имато Михаил, а после тоа се покрстувани и другите луѓе во Бугарија, а со тоа е склучено големо помирување.[148]

Теофановиот продолжувач на делото, ни пренесува две потполно различни , но подеднакво легендарни традиции за покрстувањето на Бугарите. Двете оваа случка ја поврзуваат со времето на владеењето на царицата Теодора, а според тоа, помеѓу 852 година кога Борис дошол на власт во Бугарија и 856 кога Теодора е тргната од престолот.

Според првата верзија, долго време под бугарско заробеништво се наоѓал ромесјкиот монах Теодор Куфара. Царицата Теодора во еден момент сакала да го откупи од заробеништво и за тоа му пишала на Борис. Кнезот Борис за возврат побарал да биде ослободена неговата сестра која се наоѓала во ромејско заробеништво и која живеела на царскиот двор каде што веќе го примила христијанството. Тој договор е прифатен, а заробениците биле заменети.

Има друга верзија која ја пренесува Теофановиот продолжувач, која е со дух на легенда. Имено, Борис имал некоја ловечка резиденција, каде што таму

[147]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 197.
[148]Исто, стр. 198.

поминувал дење и ноќе. Тој посакал таа резиденција да биде насликана, за да му биде „забавно на очите“. За таа работа го ангажирал ромејскиот живописец, монахот Методиј. Но, Борис потикнат од Божјата промисла одлучил да не биде насликана сцена од воените подвизи и гонења, туку наредил да се наслика некоја сцена од Светото писмо. Методиј ја насликал сцената на Страшниот суд и Второто Христово доаѓање. На едната страна биле насликани праведниците кои чекале да бидат населени во рајот, а од другата страна стоеле грешните кои чекале да отидат во пеколот. Оваа сцена му оставила голем впечаток на Бугарскиот кнез Борис. Борис гледајќи ја таа сцена бил совладан од преголем страв, кој потикнал во него желба да биде запознаен со христијанската вера и да биде крстен. Така преку ноќ тој бил крстен и веднаш за тоа дознале сите и против него кренале буна. Борис со Божја помош успел да ја смири буната и својот народ го покрстил. Овие претпоставки на Теофановиот продолжувач не се точни бидејќи времето хронолошки е неточно, бидејќи покрстувањето на Бугарите го става између 852 и 856 година.[149]

Никита Давид Пафлагон покрстувањето на Бугарите го става после големиот земјотрес од август 862 , и четириесетте мали потреси кои следеле после тоа. Сиемеон Логотет го сместува среде војната на источната граница од Царството против Омар Мелитински во летото 863 година. Хронолошки најточен е Јосиф Генесиј кој кrштенитео на бугарскиот кнез го сместува во времето после византиската победа кај Посон на 3 септември 863 година.

Сите наведени извори го спомнуваат гладот кој ги измачувал Бугарите како причина која допринела кнезот Борис да биде крстен.

Во средината на 864 година, источнофрањечкиот крал Лудвик „Германски“ го испратил епископот Констанц Соломон Први во Рим кај папата Никола, со различни прашања во врска со државната и црковна политика. Меѓу прашањата се наоѓало и едно кое се однесувало на Бугарите. Кралот Лудовик го

---

[149]Исто, стр. 198.

наговарал папата да оди во Тулн и да се помири со кнезот Борис и кнезот Ростислав. Меѓу другото му кажал дека самиот кнез на Бугарите сакал да се преобрати во христијанската вера и дека многу Бугари веќе постанале христијани. Папата му одговара дека за тоа треба да се благодарни на Бога, и дека за тоа треба да се држи пост и да се принесуваат молитви. Современите Бертински анали исто така сведочат дека во 864 година бугарскиот кнез му обеќал на кралот Лудовик дека ќе се покрсти. Но, во средината на 864 година бугарскиот кнез сеуште не бил покрстен, но имал желба тоа да го направи за што го известил и источнофрањечкиот крал.[150]

Во објавените западни извори, совршено се вклопува и надоврзува еден значаен хронолошки податок од времето на покрстувањето на Бугарите, во кој повеќе пати се спомнува „Окружната посланица од архиерејскиот престол на Исток" на патријархот Фотиј од првата половина на 867 година. Патријархот Фотиј истакнува дека Бугарите конечно го примиле христијанството и дека не поминале ни две години од почитувањето на христијанската вера, се појавиле нечесни луѓе, луѓе од мракот, кои доаѓале од западните краеви и почнале да ги одвраќаат од правиот пат. Фотиј тука зборува за римските мисионери кои дошле во Бугарија крајот на 866 година. Според овие Фотиеви зборови можеме да заклучиме дека Бугарите се покрстувани во другата половина или крајот на 864 година и дека кнезот Борис е крстен баш тогаш.[151]

Симеон Логотет и Никита Давид Пафлогенец за крштевањето на бугарскиот кнез велат дека му претходела воена акција која била спроведена од страна на царот Михаило и кесарот Варда. Таа акција била во средината на 864 година, што целосно одговара на можностите на византиската војска, која после победата над Арабите на Исток во септември 863 година, имала одврзани раце да делуваат на Западна страна. Тоа од прилика било кога кнезот Борис требало

---

[150]Исто, стр. 200.
[151]Исто, стр. 201.

да утврди мир со Лудовик Германски и да склучи сојуз со кнезот Ростислав, кога двајцата владари со заеднички сили го нападнале уште во 863 година.

Во Моравија од 863 година делувале византиските мисионери св. Кирил-Константин Филозоф и неговиот брат св. Методиј кои го поучувале христијанскиот народ на словенски јазик. Со нивниот престој во Моравија е донесена и византиската култура, која народот го одалечувала од франачките соседи кои имале претензии на политичка власт врз нив. Поради тоа, било опасно за источнофраначкиот крал, како и за политичката самосталност на Ростислав кој пробувал да ја сруши. Од друга страна пак во Цариград стравувале дека е можно поразот на Ростислав да означи крај за мисијата на свети Кирил и свети Методиј во Моравија. Од друга страна, пак, како што моравскиот кнез за примање на христијанството се обратил во Цариград, така и бугарскиот кнез посакал да биде крстен и се обратил во Цариград.[152]

Во време на расколот помеѓу цариградската и римската црква, за Цариград било незамисливо, во Бугарија, пред самата врата на престолнината да делуваат римските мисионери и да биде воспоставен папскиот примат. Поради тоа царскиот двор имал две големи причини да делува енергично против Бугарија во средината на 864 година.

Првата причина е да го спречи извршувањето на франачко-бугарскиот сојуз и да го оневозможи учеството на бугарските снаги во напад на Моравија и на тој начин да ги заштити византиските мисионери кои делувале таму. Другата причина била да се спречи бугарскиот кнез да се крсти под кумство на Западот и да го донесе папското влијание пред цариградската капија. Се разбира сето ова Фотиј не го направил сам, но му помогнале цезарот Варда и царот Михаил, кои исто така биле премногу засегнати со тоа прашање.[153]

[152]Исто, стр 202.
[153] Успенски, *Историја Византијског царства, II*, стр 75.

Конечно, во такви околности, одлуката на кнезот Борис да се крсти, станала јасна и разумна. Со византиските мисионери во Моравија и нивното делување, Бугарија се нашла вклештена помеѓу Византија и Западот. Кнезот Борис сакал преку крштението да се врзи за папата и Западот, при што би се заштитил од византиското влијание. Но, благодарение на воената акција предводена од царот Михаило и кесарот Варда во средината на 864 година, бугарскиот кнез бил приморан да се откаже од идејата да биде крстен од страна на папата и место тоа да биде крстен од страна на византиски мисионери, под кумство на самиот цар Михаило III. Исто така спомнатата византиска акција против Бугарија ја спасила и мисијата на светите браќа Кирил и Методиј, бидејќи до планираниот франачко-бугарски напад врз Моравија не дошло. Покрстувањето на Бугарите во 864 година е единствен пример кое не е извршено по нивно барање. Во сите останати случаеви кога биле испраќани мисионери кај Арабите, Русите, Хазарите и Моравците, иницијативата била на тие народи, а Цариград само одговорил на нивните барања.[154]

Сега се поставува прашањето, на кој начин Византија успеала да ја спроведе својата иницијатива на дело. Таа немала политичка власт над Арабите, Русите, Хазарите и Моравците за да може својата државна и црковна власт да ја наметне со тоа што ќе испрати мисионери во тие земји пред лицето на други владетели и да очекува таму да постигнат голем успех. Од друга страна, пак, каде што царството можело политички да влијае, не го користеле за зајакнување на црковната положба. Така на источната граница со Ермените воделе преговори во врска со долговековниот спор во догматските разлики, каде што Ермените извојувале победа во тие преговори, а од друга старана Бугарите биле приморани да се покрстат од Цариград, а не од Рим.[155]

[154]Исто, стр 202-203.
[155]Исто, стр. 203.

## IV. Византиска Мисија во Бугарија

Христијанизацијата за Бугарија претставувала голем напредок не само на културно поле, туку и во словенизација на земјата, а со тоа и на политичко и етничко уедниување.[156]

Борис на власт дошол во 852 година. Пред неговото доаѓање на власт, следел период на триесетгодишен мир, склопен помеѓу Царството и бугарскиот хан, при што хан Пресиј го искористил тоа и ја нападнал Македонија. Бугарската и словенската војска, под команда на кавхан Избул, завземале дел од Македонија и ја принудиле византиската влада да превземат одлучни мерки за заштита на своите поседи и за поново поставу вање на границата како што била во времето на Крум. Во меѓувреме, кај самите Бугари се одвивал долг спор, но постепен и систематски процес, од чие влијание постепено се ослободувале од номадскиот начин на живот , карактеристичен за азијадските народи, при што почнале повеќе да ги прифаќаат обичаите од европските народи, меѓу кои морале да завземат свое место. Најголема преобразба меѓу бугарскиот народ потикнал кнезот Борис кога ги придобил Словените и заедно со нив ги поразил бољарите кои биле непокорливи и кои цврсто се држеле до паганските обичаи.

[156] Георгиј Острогорски , *Историје Византије,* стр. 228.

Исто така кнезот Борис со придобивањето на Словените, полесно ја Христијанизирал Бугарија.[157]

Според Теофановиот продолжувач, Борис бил крстен во Бугарија. Го крстил епископ кој дошол од Царигиграт во Бугарија специјално за тоа. Јосиф Генесиј го потврдува ова гледиште со тоа што вели дека во Бугарија се испратени избраници архиерејски, да ја рашират и утврдат верата. Единствено Симеон Логотет се коси со овие учења, бидејќи вели дека Борис бил крстен од царот и му го дал своето име Михаил, но затоа своите великодостојници ги одвел во Цариград за таму да бидат крстени. Последните тврдења не се потврдени дека се точни. По веродостојно е дека во Бугарија се испратени повеќе епископи за да ја рашират и утврдат верата. За тоа сведочи печатот на епископ Исаија кој е пронајден во Бугарија, а датира од 864-866 година. Со епископите во Бугарија дошле и свештеници кои биле задолжени за покрстување на обичниот народ.[158]

Целата мисија била предводена од самиот цариградски патријатх Фотиј, а за тоа ни сведочи самиот тој преку својата прочуена *Посланица за најпрочуениот и најугледниот сакан во Господа духовен син Михаило, од Бога кнез на Бугарија.* Фотиј сам му испраќа посланица на бугарскиот кнез, како пријателски дар во кој со мудри и кротки зборови го изложува учењето на христијанската вера, историјата на Седумте вселенски собори, како и нивното влијание во секојдневниот живот.

Освен спомнатите целини, во посланицата се говори и за времето во која настанала.

Патријархот Фотиј за Борис вели дека е најславниот и најугледниот сакан Господов духовен син. Покрај тоа му се обраќа и му вели да ја чува верата и да

---

157 Успенски, *Историја Византијског царства, II*, стр 74.

158 Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 203.

не потпаѓа под влијание на неверниците. Бидејќи Фотиј му ја изложил верата и нејзината догма од Седумте вселенски собори и го истакнува тоа дека сите христијани исто мислат според тоа што е изложено во тие Собори. Фотиј му се обраќа на Бугарскиот кнез со зборовите: *верата треба да ја прими со искрен завет и искрено да ја чува и да ја пренесува на својот народ и ни лево ни десно да не отстранува од тоа што му е дадено.* Исто така му вели дека тоа треба да го прават и неговите поданици, бидејќи кнезнот не треба да мисли само за своето спасение туку и за спасението на својот народ. Во иста целина патријархот Фотиј му ги образложува и разликите помеѓу христијанската вера и паганството, и му кажува дека христијанството секогаш победувало. Исто така, Фотиј го споредува Бугарскиот кнез со царот Константин Велики кој самиот се покрстил, а водел грижа и за спасението на својот народ, а и верата ја чувал многу цврсто без да одстапува од неа. Затоа му вели сега и на кнезот Борис да се огледа на царот Константин Велики и како него цврсто да ја чува верата со својот разум, а со тоа да прави добри дела и да води чист живот.[159]

Највпечатлив дел во врска на оваа тема е тоа што самиот патријарх Фотиј сакал да биде со Борис и лично да управува со работите околу црквата, сам да дознава што се дешава , да може да биде учесник во успесите и радостите, а ако се случи нешто непредвидливо, да може лесно да го исправи. Но, бидејќи желбата се разликува од можностите, му останало само писмено да им упатува совети. Оваа посланица настанала на самиот почеток од византиската мисија во Бугарија, непосредно после крштението на кнезот Борис, а можеби е испратена по архиереите кои се испратени да го крстат.

Додека ја составувал посланицата, Фотиј сеуште се сомневал во Борис да не ја промени својата одлука и да се врати на паганството и со тоа да се упропостат сите напори и залагања.

---

[159]Исто. Стр. 204-206.

За тоа дека Фотиј бил во писмен контакт со Борис за сето време додека траела византиската мисија во Бугарија сведочи едно друго негово писмо во кое се спомнува честата размена на писма помеѓу двајцата. Во тоа писмо детално биле изложени Седумте вселенски собори и Символот на верата. Преку Вселенските собори, Борис се запознал со историскиот развој на христијанската црква. Фотиј за секој Собор посебно зборува за времето и местото во кое се одржал, колку епископи и кои биле, кои биле најистакнати претставници на страна на одбрана на верата, а кои биле поборници и предводници на ересите и новотариите, кои биле осудени на соборите итн. Така Борис се запознал со учењето на Ариј во кое се решавало на Првиот вселенски собор, во Никеја 325 година; Учењето на Македониј, кое било осудено на Вториот вселенски собор во Цариград 381 година; Несториј осуден на Третиот вселеснски собор, во Ефес 431 година; со монофизитството на Евтихиј и Диоскор и нивните следбеници Диодор Тарсиски и Теодор Мопсуетски за кои се зборувало на Четвртиот собор во Халкидон 451 година и на Петтиот во Цариград во 553 година; потоа со монотелитството подржувано од патријарсите Сергиј, Пир и Павле, римскиот папа Хонориј и александрискиот патријарх Кир, а кој е осуден на Шестиот вселенски собор во Цариград 681 година; и конечно со иконоборството кое е отфрлено на Седмиот вселенски собор во Никеја 787 година. Покрај сите овие противници на христијанството, Фотиј го запознал и со најистакнатите и најзаслужни борци за чистотата на православието – Григориј Богослов, Кирил Александриски, Лав Римски, но и со православните цареви, а воедно и заштитници на верата - Теодосиј Стариот и Младиот, Маркијан, Јустинијан, Константин Велики, Ирина итн.[160]

Фотиј низ разговорот за иконоборството, го научил Бориса на почитување на светите црковни предмети на христијанската вера, како што се: Крстот, иконите на Христос и Богородица, светците и празниците итн.

---

[160]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 207.

Во третата и најопширна целина од посланицата на Фотиј е претставена улогата на верата во секојдневниот живот. Тоа е, уствари Фотиева поука за Борис, за тоа како еден владетел треба правилно да владее, бидејќи тој како глава на народот е одрговорен и за спасението на тој народ.

Од оваа Фотиева посланица, како и од претходните посланици упатени до кнезот Борис, може да се заклучи дек нивниот однос бил добар и разбирлив. Патријархот Фотиј бил добар учител, а кнезот Борис бил добар ученик и благодарение на тоа Бугарите добиле просветување и покрстување какво што доликува. Но сепак, за покрстување на останатиот народ во Бугарија не било толку лесно, бидејќи кнезот Борис не бил толку добар учител како што бил Фотиј. Исто така имало дел од народот кој не бил задоволен од новата религија.[161]

Пролета 866 година бугарските бољари покренале буна против Борис, бидејќи биле незадоволни од воведувањето на новата вера и барале да се врати старото паганско верување. Кнезот Борис лесно се справил со оваа побуна, при што со помош на Словените им ги отсекол главите на педесет и двајца болјари.[162] Од тој период во државниот и административниот живот на земјата предност добивале Словените.[163] Но сега им свретел грб на Фотиј и Цариград и се обрати до папата Никола и за да му испрати нови мисионери кои ќе продолжат да ја шират христијанската вера. Папата пред да ги испрати своите мисионери во Бугарија, во Ноември 866 година ги составил своите познати *Одговори* на спомнатите Бугарски прашања. Од тие папски *Одговори* може да се препознаат прашањата кои Бугарите му ги поставиле, а на основа на тие прашања може да се види како изгледала византиската мисија и што научиле Бугарите од византиските мисионери. Така, спомнавме дека со одбраните византиски архиереи, во Бугарија пристигнале и свештеници од различни

---

[161] Успенски, *Историја Византијског царства, II,* стр 206-207.

[162] Георгий Острогорский, История Византийского государства, превод с немецкого, Сибирская Благозвоница, Москва, 2011 година, стр. 300.

[163] Успенски, *Историја Византијског царства, II,* стр 74.

страни на Византија. Меѓу останатите свештеници од различни националности, пристигнале и свештеници од Ерменија со монофизитско учење. Таквите свештеници покрстиле доста народ во Бугарија, но Борис увидел дека нешто не е во ред со нивното учење и дека имаат некои новотарии што не ги слушнал претходно од страна н неговиот учител патријархот Фотиј. Исто така имало некои свештеници кои биле фатени како блудничат,а со тоа оставиле големо разочарување кај народот, а и кај самиот кнез. Така кнезот разочаран од таквите новотарии и расипнички животи на одредени свештеници, се обратил до папата Никола изразувајќи го својот револт, барајќи помош да му испрати сештеници за пример.[164]

Од пршањата испратени до папата може да се види дека бугарите биле добро запознаени со Светите тајни. Особено голема почит имале према Светата тајна крштение и Светата тајна Причест. Тие го прашувале папата кој смее да причестува, а и кој смее да ја прима Светата Причест. Потоа го прашувале за бракот, кој е дозволен, а кој не е дозволен. Се гледа дека биле запознаени со христијанското сваќање за гревовите, како што се убиство, прељуба, крадење итн. Свесни се за значењето на храмовите и молитвата. Исто така биле запознаени со празниците и дека во тие денови не треба да работат и дека треба да се посветат на молитва и на Бога. Од папата барале да им се објасни дали треба да работат за време на Велигденскиот пост, дали смеат да одат на лов, да прават свадби, гозби итн.

Византиските мисионери ги учеле Бугарите на обични работи за манифестирање на верата, како што е тоа дека мажите во црква треба да се со откриени глави, а жените со покриени. Некои учења се многу чудни, бидејќи ги нема во црковните канони, како што се: да не се капат во среда и петок, кога стојат во црква да не ги скрстуваат рацете, да се причестуваат без појас итн. Според ова можеме да заклучиме дека одредени византиски свештеници ширеле

[164]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 207-209.

суеверија, а тоа укажува дека тие свештеници кои учествувале во таа мисија припаѓале на широката маса од простиот народ. Дури имало некои мисионери кои гатале, а пак некои Грци им кажувале дека во нивната земја се раѓало свето миро, со кое ја снабдувале цела вселена.[165]

Во писмото на кнезот Борис, до папата Никола се забележува како кнезот го распрашува папата колку патријарси има и кој е најголем меѓу нив. Го прашува папата дали е тој најголем, ако е, кој е втор после него по големина. По ова се гледа дека кнезот Борис се интересеирал во Бугарија да биде поставен патријарх, но од Византија не му било се уште одобрено.

Уште, во писмото се спомнува дека кнезот Борис и народот не биле задоволни од византиските мисионери, бидејќи им забраниле повеќе да не ги извршуваат своите пагански обичаи и суеверија. Грците им забраниле да ги носат своите ленени марами на главите додека стојат во храмот, им забраниле да ги носат којнските репови, за кои верувале дека им носат среќа и успех на бојните полиња итн. Им било забрането да се заколнуваат во мечот, а нивниот дотогашен свет камен бил одстранет како идол. Строгите пости кои се чести во текот на годината, исто така им претставувале голема тежина, бидејќи до тогаш секој оброк им бил на месо. Така не можејќи да ги издржат правилата на христијанската вера, бугарските бољари се побуниле против кнезот Борис и останатите христијани, а со тоа византиската мисија во Бугарија ја направиле да биде нестабилна и означиле почеток на нејзиниот крај.[166]

Очигледно е дека најинтензивно во внатрешната државна дејност кнез Борис делувал од 886 година, благодарение на делото на  Свети Климент и Наум и нивните ученици, делото за распространување и налагање на славјанскиот јазик и книжевност, се грижел за црковен и административен поредок во државата, се залагал за изградба на цркви и манастири, се грижел за зајакнување

[165]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 209-210.

[166]Исто, стр209-211.

на христијанството, смело реализирајки ги своите идеи во управуавањето. Покрај тоа , како што кажува последното писмо н Свети Фотиј до него , тој не ги прекинал црковните и дипломатски односи со Цариград. По смртта на императорот Василиј I Македонец (29. Август 886) , не само патријарх Фотиј туку и престолонаследниците на Василиј I Македонец, Лав и Александар постојано го известувале кнез Борис преку писма за промените кои настанували , настојуваки да одржат добрососетски односи помеѓу двете држави. За време на владеењето на Василиј I и по неговата смрт, постоела внатрешна и надворешна нестабилност, а од Цариград не реагирале ни остро против дејноста на учениците на Свети Кирил и Методиј. Оваа ситуација се покажала како поволна за Бугарија и воспоставвање на христијанството таму , па кнез Борис не преземал мерки за зајакнување на односите со Византија.[167]

Византија никогаш не сметала, дека постигнатата врска со Бугарија и попримањето на христијанството во Бугарија е единствено од црковен карактер.Византија повеќе на тоа гледала како на политичко подчинување, условено од влегување на бугарскиот владетел во кругот на семејството на владетели, предводено од византискиот василевс. Со покрствувањето на кнез Борис , тој во византискот двор не бил сметан само за духовен син кој го примил христијанството , туку и духовен син во кругот на византиското владетелск семејство. Меѓутоа напорите на Византија за духовна и политичка потчинетост на Бугарите не наишле на голем успех од страна на бугарските владетели односно биле отфрлени.[168]

Без разлика на различните теории и причини за покрстувањето , сите извори од тоа време го опишуваат покрстувањето на Бугарите како насилен акт , извршен по наредба на бугарскиот кнез. Наметнатото на сила христијанство не можело целосно да ги замени варварските обичаи и верувања.[169]

---

[167]Васил Гюзелев, *Княз Борис Първи,* София 1969, стр. 446-448.
[168]Васил Гюзелев, *Княз Борис Първи,* София 1969, стр. 138.
[169]Васил Гюзелев, *Княз Борис Първи,* София 1969, стр. 106.

## Глава III

## Улогата на свети Фотиј во одбрана на Христијанството од искривените учења на Латините

На крајот од првата половина од 9 век, поточно во 843 година, на Исток за време на византиската царица Теодора, конечно и триумфално извојувана е победата над иконоборечката ерес која еден цел век ја потресувала Црквата од Исток. Ереста била пречка за понатамошен духовен и културен развиток на Источната црква. По целосно извојуваната победа над иконоборците, во времето на свети Фотиј, настапува златно време на Црквата од Исток. Византиското

царство, благодарение на примирјето што завладеало во него по победата над иконоборците, поуспешно се бранело од непријателите, пред се од Арапите. Границата на Север почнала да се стабилизира благодарение на мисионерско-дипломатските активности на Цариградската патријаршија. Благодарение на таквите активности во Византија, паганските народи го прифатиле христијанството и византиската култура, а со тоа престанале да бидат закана за Византија, а некои дури станале и сојузници.

На Запад, за разлика од Исток, борбата со иконоборците не довела до некакви промени на духовен план, бидејќи самата таа ерес се појавила и најжестоките полемики против иконоборците се воделе на Исток. Западната црква сосема површно била ангажирана во спорот околу иконите, како и во останатите спорови од претходно. Тие никогаш не ја сватиле догматската и теолошката смисла на иконата. Секогаш најпрво го истакнувале само естетското и дидактичкото значење на иконата, а за иконософијата, која била толку развиена и осмислена на Исток, немале никакво познавање. Сето тоа, како и непознавањето на грчкиот јазик, во Западната црква од времето на царот Ираклиј и промената на политичките прилики кои по големите преселби на народите во раниот среден век и паѓањето на Западното Римско царство во 476 година ќе придонесат Западната црква повеќе да заостанат културно и духовно зад Византија. Варваризирањето и големото незнаење што било присутно ќе бидат причина за наметнување на папата како духовен и политички водич на Запад. Сето тоа ќе придонесе не само за културно и духовно оддалечување и застранување на Западната црква од Источната црква, туку и за догматско оддалечување што во времето на  Фотиј ќе стане се поочигледно и поакутно.

Веднаш по изборот за патријарх Фотиј се соочил со големи закани и пречки од страната на папата кој имал за цел да биде глава на целата Црква, на Исток и Запад. Претензиите на папата не биле нови, туку понекогаш биле повеќе, а понекогаш помалку, понекогаш отворени, а понекогаш прикриени, присутни од поодамна. Така може да се потсетиме на спорот што избил во вториот век меѓу папата Виктор и малоазиските цркви околу прашањето за

празнувањето на Пасха. Во третиот век, пак, избил спор меѓу папата Стефан и црквите од Африка и Исток околу прашањето за повторното крштевање на еретиците што се враќале во православната црква. Исто така можеме да ги спомнеме и протестите од страна на папите против редот и чинот што го завземал цариградскиот патријарх и против јурисдикциите што му биле признати на Вториот (381 г.) и Четвртиот (451 г.) Вселенски собор.

Од сето ова можеме да кажеме дека папата од поодамна тежнеел да се наметне во Црквата како на Исток, така и на Запад како апсолутен критериум на кого секој христијанин треба да му биде потчинет. По долгата борба папите успеале да ја наметнат оваа идеја на Запад уште во времето на папата Никола Први, користејќи нечесни средства, како што биле лажното писмо на цар Константин од 8 век и псевдо – исидоревите декрети од 9 век, во кои божем им се дава неограничена власт и права на римските епископи во Црквата и целиот свет. Од друга страна, пак, не им успеало таа идеја да ја наметнат на црквата од Исток. Таму се наоѓала Цариградската патријаршија, која заедно со останатите патријаршии на Исток ја чувала неповредена и неискривена апостолско-светоотечката еклисиологија дадена од Спасителот и неговите ученици.[170] Во таа еклисиологија се учело дека глава на Црквата е самиот Спасител и дека сите епископи се рамноправни меѓу себа, па ако настане некој спор меѓу нив, следејќи го личниот пример на светите апостоли, тој спор треба да се решава на собор кој е над секој епископ. Тука всушност и лежи големината на Фотиј кога му се спротивставува на папата Никола I, бранејќи ја апостолко-светоотечката еклисиологија од него , кој сакал да воведе нова искривена папска еклисиологија. Папата за да ја спроведе својата идеја , сакал да го искористи случајот на спорот меѓу Фотиј и Игнатиј, наметнувајќи се себе како арбитер.

Во создавањето и засилувањето на таа папска еклисиологија, која учела дека римскиот епископ е врховен учител и судија на црквата, покрај политичките, му оделе во прилог и други причини. Меѓу останатото за време на

---

[170]Јустин Поповић, *Житија Светих,* Фебруар, Београд 1973, стр. 95.

многуте ереси што ја потресуале Источната црква, многу отци од исток наоѓале засолниште и помош кај папите во Рим. Сето ова придонело угледот на папата да биде доста голем, а со текот на времето од страна на целата Црква ќе му биде признаено првенството во честта кое му било оддавано од страна на сите епископи и од страна на Фотиј. Од писмата на Фотиј гледаме дека на папата му се обраќа со особена почит. Папата не можел да се задоволи само со првенство по чест и затоа барал да има првенство и во власта. Тие за да ја поткрепат оваа изопачена еклисиологија, се повикуваат на Светото Евангелие каде што стои: „Ти си Петар и на тој камен ќе ја изградам Црквата Своја" (Мат. 16,18). Се разбира овие зборови ги толкуваат произволно, бидејќи Христовите зборови имаат сотиролошко значење, а не институционално значење.[171] Исто така тие се поткрепуваат на тоа дека црквата во Рим ја основал светиот апостол Петар. Оваа нивна поткрепа не е соодветна бидејќи и црквата во Антиохија е основана од апостол Петар и тоа пред да отиде во Рим, каде својот живот го завршил маченички. Со тоа, антиохискиот епископ не си зема за право да се постави себеси над останатите епископи, но ги почитува зборовите на Христа кога вели: „кој меѓу вас сака да биде поголем, нека ви биде слуга" (Мат. 20,26).

На папското застранување во еклисиологијата, прв се спротивставил свети Фотиј кој се ставил себе си во одбрана на вистинската и неискривена апостолско-светоотечка еклисиологија. Тој не само што застанал во одбрана на својата катедра, туку ја бранел и самостојноста на останатите епископски катедри, бидејќи сите помесни цркви без разлика на нивната големина и старост, се самостојни и соборни. Затоа што соборноста не се темели на надворешен правен акт и авторитет на еден епископ, туку на благодатното единство во Светата Евхаристија.

Папската еклисиологија била осудена на соборите одржани од 867 и 879 година во Цариград свикани директно од патријархот Фотиј. Папската еклисиологија во времето на патријархот Фотиј била претставена најмногу во

---

[171]Џон Мајендорф, *Византинско богословље,* Крагуевац 1989, стр. 119.

лицето на папата Никола I. Соборските одлуки од 879 година биле прифатени од папските посланици и од самиот папа Јован Осми. Но, судејќи ги настаните што следеле потоа, тоа не било искрено, бидејќи со право вели православниот богослов отец Александар Шмеман дека папството било првата причина за разделбата на Црквата во 1054 година.[172] Истото тоа папство својот процут ќе го доживее за време на папата Григориј VII Хилдебрант (1073-1085 година), а во времето на папата Пиј IX во 1870 година во Рим ќе дојде до својот апсурден крај со прогласувањето на догматот за непогрешливоста на папата.

Од досегашното изложено, можеме да забележиме дека папите не ги разбрале зборовите на Фотиј изговорени на соборот во 861 година, одржан во Цариград, дека секој треба да си ја знае својата мера.[173] За потврда на ова е и борбата што ја водел Фотиј со останатите застранувања на папите и Западната црква, чие потекло го наоѓаме во папизмот. Од писмото на Фотиј испратено до папата Никола I во 861 година и од посланието испратено до источните патијарси во 867 година дознаваме за сите застранувања на латините. Од таму дознаваме за следните застранувања на Западната црква: постот во сабота, целибат кај свештениците и не признавањето на миропомазанието извршен од свештеник.

На Цариградскиот собот одржан во 867 година, Фотиј заедно со останатите источни патријарси утврдиле дека сите новотарии на папите и Западната црква ги осудуваат не од себе, туку дека одредената осуда од древните собори и апостолските установи сега јавно се објавува.[174] Со овие новотарии, Западната црква го прекршила верувањето во Преданието на Црквата, бидејќи тие новотарии уште од поодамна биле осудени од страна на светите собори, за што убав пример ни дава Фотиј кога ги цитира светите канони што биле прекршени од страна на Западната црква. Покрај овие западни новотарии се појавува друга поголема ерес која била проповедана помеѓу новопросветениот бугарски народ, и како што вели Фотиј таа ерес била многу

---

[172]Џон Мајендорф, *Византинско богословље,* стр. 119.
[173]Јустин Поповић, *Житија Светих,* стр 107.
[174]*Исто,* стр. 104.

пострашна од останатите новотарии на Западната црква. Оваа латинска ерес се состоела во искривување на никео-цариградскиот Символ на верата со додавање во осмиот член дека Светиот Дух, не само од Отецот излегува, туку и од Синот. Како и на папизмот, така и на оваа ерес која се нарекува филиоквистичка, корените и се од поодамна. Првите информации за промени во Символот на верата од страна на Западната црква датираат уште од 6 век, поточно од Третиот толедски собор во Шпанија одржан во 589 година. Овој собор бил одржан со цел да се зајакнат антиаријанските позиции. Најнаперед ереста почнала да се шири пред се меѓу Галите, затоа што била подржана од страна на франечкиот крал Карло Велики. Покрај се, ереста на почетокот се задржала само на локално ниво, бидејќи најпрво било франечко-германско сваќање, а подоцна и римско.[175] Познат е и фактот дека на римската црква филиоквето е наметнато од страна на Франките – каролинци.[176] Исто така многу отци од Западната црква се противеле на оваа ерес, меѓу кои и познатиот богослов на галската црква Алкуин (804 година), кој во 798 година им пишувал на христијаните од Лион да се чуваат од заблудите на новите шпански секти и да ја следат верата на светите отци и да не внесуваат ништо ново во Символот на католичката вера.[177]

Папата Лав Трети ги одбил барањата на Франките за измена на Символот на верата и внесувањето на филиоквето во него. Дури наредил да се вреже никео-цариградскиот Символ на верата без филиокве на две сребрени табли и да се истакнат во храмот „Свети Петар“, а под нив напишал: „Јас, Лав III, го поставив ова од љубов и заради запазување на православната вера.“[178]

Покрај сите противења и забрани од страна на западните отци,ереста постепено била прифатена од сите Западни цркви. Најголеми подржувачи на ереста биле папите Никола I и неговиот наследник Стефан IV. Во времето на овие папи, ереста почнала масовно и отворено да се проповеда како догматско

---

[175]Јеромонах д-р Атанасије Јевтић, „Свети равноапостоли Кирило и Методије“, *Богословље“,* свеска 1-2, Београд 1977, стр. 32.
[176]Исто, стр. 32.
[177]Јеромонах д-р Јустин Поповић, *Догматика Православне Цркве,* књига 1, Београд 1932, стр. 195.
[178]Исто, стр.196.

учење на Запад. Кога Фотиј дознал дека западните мисионери оваа ерес ја проповедаат и во Бугарија, остро се спротивставил на мисионерите. Свети Максим Исповедник, свети Јован Дамаски и ерусалимските монаси уште од поодамна алармирале за постоењето на оваа ерес кога во ерусалимскиот манастир на „свети Сава Осветен“ во 809 година дошле на поклонение галикански монаси,при што го употребувале филиоквето. Западната црква за да го оправда своето лажно учење се повикува на Христовите зборови во (Јован 15,26), (Јован 16, 14-15) и (Јован 20, 22), како и на многу отци од исток и на изразот од Источната црква „од Отецот низ Синот“. Овие тврдења на Западната црква се самоволни и неточни, а и во спротивност на Светото предание, зашто ако се погледне подобро на тие места, како и во учењето на светите отци ќе забележиме дека таму не се зборува за излегувањето на Светиот Дух и од Синот, туку за неговото давање низ Синот и испраќање во Светот.

Свети Фотиј откако го согледал ова лажно учење и последиците од него, во 867 година испратил окружно полсание до сите останати источни патирјарси преку кое ги информирал за ересите што ги ширеле латинските мисионери и ги повикувал да дојдат во Цариград, та заедно да ја осудат оваа и сите останати латински ереси. Покрај ова послание, Фотиј напишал и други списи во кои го побива филиоквистичкото учење на Западната црква и го брани православното исповедање, како што се писмото упатено до архиепископот аквилејски, како и книгата за тајноводството за Светиот Дух. Во окружното послание Фотиј вели: „но сите овие измамници не застанаа на тоа во своето безаконие. Тие светиот и свештен Символ на верата, кој по сите соборски и вселенски одлуки поседува непобедлива моќ, се обидоа да го расипат со своите лажни мислења и извртени зборови, новотарејќи во Символот дека Светиот Дух не произлегува само од Отецот туку и од Синот. Но, кој некогаш чул дека кој било од еретиците изрекол некогаш таква наука? Кој воопшто од христијаните може да поднесе во Света Троица да се воведуваат две причини и тоа: Отецот како една причина за Синот и Духот, и Синот како втора причина за Светиот Дух, и со тоа да го претворат едноначалието во Света Тројца во двобожје? Зошто Светиот Дух би излегувал и

од Синот? Зошто ако Неговото излегување од Отецот е совршено, му е потребно излегување и од Синот? Синот не може да биде посредник меѓу Отецот и Духот, зашто Духот не е сопственост на Синот. Кога би постоеле во божеството две начела , две причини, тогаш се разрушува единството на божеството.[179] Понатаму Фотиј вели: „Ако Синот учествува во личното својство на Отецот, тогаш Синот и Духот ги губат своите лични карактеристики, со што се паѓа во полусавелијанство.“[180] „Бидејќи Отецот е началство и причина не поради природата на божеството, туку поради ипостасните својства, поради тоа што ипостаста на Отецот не го вклучува Синот, со тоа Синот не може да биде начало и причина“.[181]

Од сето ова Фотиј заклучил дека Зпадната црква го прави Синот поголем од Духот, зашто го смета за причина и безбожно го поставува поблиску до Отецот. Фотиј за оваа ерес уште додава дека е спротивна на Евангелието, се спротивставува на светите собори, ги побива светите отци: Атанасиј Велики, Григориј Богослов, Василиј Велики и Јован Златоуст.[182] Таа хулна и богоборечка мисла е спротивна на сите светии, пророци, апостоли, маченици, јерарси и на сите Христови зборови.[183] Фотиј на самиот крај им вели на источните патријарси дека дури и да не се осмелеа да направат нешто од кажаното погоре, само хулата против Светиот Дух или поточно против целата Света Троица, од која нема поголема, само таа е доволна да бидат предадени на безброј анатеми.[184]

По инцијатива на Фотиј, заедно со претставниците на останатите источни цркви, оваа ерес на западната црква е осудена во 867 година во Цариград. Истата ерес била осудена и на соборот од 879 година во Цариград, на кој присуствувале претставници на папата Јован VIII, кој заедно со останатите

---

[179]Јустин Поповиќ, *Житија Светих*, Фебруар, Београд 1973, стр. 103.
[180]Исто, стр. 103.
[181]Исто, стр. 103.
[182]Калин Янакиев, *Фотиц патриярх Константинополски до княаз Борис, папа Николаџ I до Българите,* стр. 82.
[183]Исто, стр. 83.
[184]Исто, стр. 85.

епископи ја осудил оваа ерес и ги потврдил канонитe на претходните собори за непроменливост на светиот Символ на верата. Но, и покрај сите овие осуди на ереста од страна на Источната црква и од Западната, по смртта на православниот папа Јован VIII  во 882 година, ереста повторно и позасилено почнала да биде ширена и бранета од самиот Рим каде што во 1014 година од страна на папата Бенедикт VIII и со големо залагање на римско-германскиот цар Хајнриј II била прогласена за догма. Со тоа целиот запад отпаднал од соборната православна Црква, а на Запад се отворила вратата за надоаѓање на уште поголемо догматско застранување, поради воведувањето на нови догмати од страна на Западната црква.

## Глава IV

## Односот на Василиј I со патријархот Фотиј, пред отстранувањето и по враќањето на патријаршискиот престол

## I. Отстранувањето на Фотиј и враќањето на Игнатиј

Василиј I (867-886), со своето доаѓање на власт, станал единствен и неоспорен владетел кој сам можел да ги донесува своите одлуки за сите прашања во царството. Тој бил човек со силна волја, голема способност и дарба за политички прагматизам. Своето царство сакал да биде целосно под негова контрола и затоа не сакал да трпи никакви несогласувања во него. Со неговото доаѓање на 25. Септември во 867 година и со неговиот политички поглед, настапува нов црковен пресврт.[185]

Одлучноста на новиот цар, најпрво на своја кожа ја осетил патријархот Фотиј. Воедно, Василиј одкако го убил царот Михаил, дошол одма на власт и во првите промени во империјата, било и отсранувањето на Фотиј од патријаршискиот престол при што го протерал во манастирот Скепис.[186] Тој сметал дека Фотиј треба да го жртвува со отстранување од престолот, во замена да ги обнови однодсите со римскиот престол.[187] Така, на негово место го вратил отстранетиот патријарх Игнатиј на 23. ноември 867 година.[188]

Во 869-870 година во присуство на легатот Адријан II во Константинопол се свикал собор на кој Фотиј бил осуден и одлачен.[189]

Во писмото испратено од Василиј I до папата Никола I, а бидејќи починал пред да пристигне писмото, писмото било примено од новиот папа Харадинај II (867-872), стои дек патријархот Фотиј е отстранет од престолот за

---

[185] Успенски, *Историја Византијског царства,* стр 151.
[186] Лебедева П. А., *Очерки внутренней истори Византійско-Восточной церкви въ IX, X I XI вѣкахъ,* Издание второе дополненное, Москва, 1902, стр. 103.
[187] Успенски, *Историја Византијског царства,* стр 151-152.

[188] Предраг Коматина, *Црквена политика Византиј*, стр. 225.

[189] Георгий Острогорский, История Византийского государства, стр. 306.

да се измират двете цркви и да нема повеќе поделби и недоразбирања. Според *Житието на Никола Студит,* царот сакал само да му ја врати власта на Игнатиј, која претходно неправедно му била одземена.

Симеон Логотет и писателите од неговиот круг, во врска со отстранувањето на Фотиј од страна на Василиј I, велат дека тоа се десило поради лична расправија. Имено, откако го убил законскиот владетел царот Михаило III, Василиј I се упатил во храмот за да биде причестен од страна на патријархот Фотиј. Меѓуто, патријархот, тогаш го нарекол разбојник и убиец и недостоен за божествената причест. Царот поради тоа многу се налутил и го отстранил од патријаршискиот престол.[190]

Други пак, пишуваат дека Василиј I сакал да оствари добри односи со Рим, при што би обезбедил сојуз со западниот цар Лудвиг II во борба против Арабите во јужна Италија. Меѓутоа во тој период царот Лудвиг Втори бил во лоши односи со папата Никола I, така да папата не можел да влијае на царот и неговите политички одлуки. Исто така и на Лудвиг II му била потребна попмош од Византијците за одбрана од Арабите во јужна Италија. Така договорот е постигнат во 869 година, а Василиј I веднаш ја испратил царската флота во Италија, при што заедно успеале да го завземат Бари во 871 година.

Во пимото, понатаму може да се забележи дека Василиј I му се жали на папата од Фотиј и бара да биде осуден. Тоа обаркање на Василиј I се случило во декември 868 година и тоа по барање на Игнатиј. Според тоа може да се каже дека причината за отстранување на Фотиј е единствено да биде вратен Игнатиј на престолот.[191]

Според Никита Давид, кога Фотиј е отстранет и на негово место е вратен Игнатиј како патијарх на Цариград, Фотиј бил протеран и понижуван исто како што било тоа со Игнатиј. Фотиј му испратил писмо на царот, во кое се жали за

[190]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр.  226.
[191]Исто, стр. 227.

условите во кои се наоѓал, бидејќи тоа прилегало само за некој кој работел против државата и црквават, а не и како за човек кој животот го посветил во одбрана на државата и црквата. Меѓу другото, од писмото дознаваме и дека на Фотиј му биле од земени сите списи и книги. Таму Фотиј вели: „...Тоа што ми ги одзедоа книгите најверојатно е некоја чудна, измислена казна само за мене. Зошто се тоа? Со која цел ми ги одзедоа книгите? Ако веќе сум крив, напротив треба да ми дадат повеќе книги и учители за преку учење да извлечам поука и поради тоа што сум оптужен, да се поправам....“[192]

Бидејќи Василиј I заедно со своите пријатели, ноќта помеѓу 23 и 24 септември 867 година, после гозбата, го убил пијаниот царот Михаило III во неговата ложница,[193] се прогласил сам за цар, без да биде крунисан од тогашниот патријарх Фотиј. Според тоа, не гледал потреба од соработка со Фотиј. Но, кога дошол да се причести, Фотиј му укажал на неговите гршки и не му дозволил да се причести. Тоа се случило веднаш одкако Ваилиј I се самопрогласил за цар 24 септември 867 година. Со тоа одлачување од светата причест, Фотиј го разбеснил царот и на себе си си нанесол големи проблеми. Така устоличувањето на Игнатиј, по втор пат не стапило веднаш на сила, бидејќи во тој момент се уште конечно не биле решени сметките со Фотиј. Фотиј бил протеран во прогонство, а со себе, од патријаршијата ги понел списите и писмата кои биле од огромно значењеа. Во дел од писмата биле осудата на Игнатиј, а и осудата на папата Никола I кои царот сакал да ги има во негови раце или па да се уништат. Така царот Василиј I наредил Фотиј да биде фатен и да му се одземат сите писма и да бидат уништени. Фотиј бил пронајден и не само што му биле одземени писмата, туку и негови лични книги кои биле од огромно значење. Задолжен за прогонството на Фотиј и за одземањето на писмата и списите, бил Вајан, човекот кој бил задолжен да го донесе Игнатиј пред судот во 861 година. Откако Фотиј бил пронајден со списите и испратен во заточеништво, дури тогаш Игнатиј бил повикан и бил представен пред

[192] Успенски, *Историја Византијског царства,* стр 152.
[193] Георгиј Острогорски , *Историје Византије,* стр. 122.

останатите великодостојници во Магнаурската палата, како идниот патријарх. Неговото устоличување се случило во недела на 23. ноември 867 година, на денот кога Игнатиј бил отстранет од патријарх во 858 година.[194]

## II. Фотиевиот повраток и Соборот од 879/880 година

[194]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 227-232.

Расправијата помеѓу Василиј I и патријархот Фотиј во 867 година која била потикната од лична природа на двајцата, завршила со отстранување на Фотиј од престолот и негово прогонување. Меѓутоа како одминувало времето, односите помеѓу нив се поправале. Уште на соборот во 869/870 била препознаена желбата на царот Василиј I дека треба со Фотиј да биде по благ и дека треба да му се даде друга шанса и да му се суди праведно. Василиј I сватил дека со Фотиј имаат заеднички претензии, а тоа е да не дозволат Рим да го има последниот збор во врска со црковно-политичките прашања во Византија. Друга теза вели дека царот го сменил ставот према Фотиј благодарение на Фотиевиот брат кој имал големо влијание во царскиот двор. А трета теза вели дека царот го сменил својот став увидувајќи дека Византија има потреба од сите црковно-политички вештини кои ги поседува Фотиј.[195]

Се смета дека Фотиј се вратил од прогонство во 872-873 година кога и го објавил својот спис за *Повторното појавување на манихејските ереси,* или така наречените павликијански ереси, во екот на најголемите воени акции на Василиј I, против нив. После ова доаѓа до потполно помирување помеѓу царот и некогашниот патријарх.[196]

Царот Василиј I заедно со Фотиј, постигнале големи успеси во борбата против павликијанската ерес. Фотиј составил *Похвални песни во чест на царот Василиј,* во кои се слави царевиот успех против павликијаните и манихејските еретици. Оваа збирка се смета дека настанала во времето кога царот извојувал победа над Хрисохра во 872/873 година. Други сметаат дека настанала во 877 година. Меѓутоа јасно е дека настанала до 877 година кога Фотиј сеуште не бил вратен на патријаршискиот престол. Во целата песна е забележано ласкање и преувеличување на царот од страна на Фотиј. Го споредува со цар Давид и го опишува како Христов избраник. Во ниедна друга беседа за време на

[195]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 321.

[196] Исто, стр. 321.

владеењето на царот Михаил I, Фотиј не се изразувал со такви зборови величајќи го царот. Некои оваа песна ја гледаат како клучна за неговото враќање на патријаршиското место.[197]

Веднаш после создавањето на песната, во 875 година царот го враќа Фотиј во Цариград[198] и добива позиција како предавач во Магнаурската школа, а царот му ги поверил своите синови Константин, Лав, Александар и Стефан на воспитување и учење. Наскоро дошло до помирување помеѓу него и стариот патријарх Игнатиј. Кога патријархот Игнатиј умрел на 23 октомври 877 година, Фотиј веднаш на 26 октомври бил поставен за патријарх. Нема сомнеж дека се било договорено и се било направено како што замислил царот. Самиот Фотиј сведочи на соборот од 879/880 дека самиот цар наредил и организирал, свечено да се помират Игнатиј и Фотиј во царската палата.[199]

За улогата на Василиј I, во помирувањето на двајцата патријарси , зборува и неговиот син Лав . Целта на царот била, после смртта на Игнатиј, Фотиј да го превземе управувањето на Цариградската црква без никакви пречки од приврзаниците на Игнатиј. Фотиј, пак, до тој момент скоро дваесет години бил монах и не постоеле никакви канонски пречки за неговото поставуање на патријарх. Дека се било договорено од напред, за тоа дека Фотиј ќе ја превземе столицата после смрта на Игнатиј, се гледа од тоа што, пред смртта на Игнатиј, во 877 година царот Василиј I испратил писмо до папата Јован Четврти, повикувајќи го да испрати свои легати во Цариграт, поради одржување на собор на кој ќе биде поништена одлуката од соборот во 869/870, на кој што Фотиј бил осуден. Според тоа може да се каже дека помирувањето помеѓу Фотиј и Игнатиј значи почеток на помирување во целокупната византиска црква со што старите раздори ќе завршат за секогаш, а поради тоа царот со причина му се обратил на папата за свикување на нов собор.[200]

---

[197] Исто, стр. 322.
[198] Георгиј Острогорски , *Историје Византије,* стр. 125.
[199]Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр.322.
[200] Исто, стр. 323.

По барање на царот, на 16. април 878 година, папата ги испратил во Цариград легатите Павле и Евгениј. Кога пристигнале во Цариград, Игнатиј бил веќе мртов, а на негово место поставен бил Фотиј. Тие се уште немале дозвола од папата да го признаат Фотиј за патријарх, а ниту пак да учествуваат на соборот кој ќе го одлучи тоа. Затоа царот и патријархот испратиле ново писмо до папата, со барање да им испрати нови легати кои ќе бидат овластени и ќе имаат право да присуствуваат на соборот, при што Фотиј ќе биде званично признаен за патријарх,а одлуката од 869/870 ќе биде поништена.

Во летото 879 година, во Рим е одржан помесен собор на кој е формирана делегација која ќе го застапуваат папата на соборот во Цариград. Папата за свој посланик го одредил кардиналот Петар, кој во август 879 година тргнал за Цариград. Со себе ги понел: писмата што царот Василиј и патријархот Фотиј заедно со целиот клир ги испратиле до папата; писмата што папата ги напишал за царот и патријархот и барањата што папата ги поставил ако сакаат Фотиј да го признаат за патријарх со компензација која ја бара за возврат.

Едно од барањатат на папата за постигнување на компромис е повеќе да не се испраќаат во Бугарија епископи од Цариградската црква. Ако сака Фотиј да биде одобрен за патријарх од папските легати мора да го прифати ова барање. Истото ова барање е изложено и во упатствотот на своите легати *Commonitorium* од помесниот собор во Рим. Во него стои: *Сакам да го убедите спомнуваниот патријарх Фотиј, да не испраќа повеќе омофори и да не ракополага повќе епископи во Бугарија. Ако тоа го направи ќе биде одлачен според тоа како налагаат каноните.*[201]

Условите биле дефинирани на следниот начин: во иднина да не посветуваат световни лица за епископи; во Бугарија не смеат да испраќаат свештеници и епископи и тоа мора да биде предадено на администрацијата на

[201] Исто, стр. 324.

римскиот престол; Фотиј е должен на соборот да измоли опростување за претходните дела.[202]

Папскиот легат, кардиналот Петар, кој бил испратен од Рим во август 879 година, стигнал во Цариград во средина на есента. Таму го чекале папските посланици Павле и Евгениј. Тие тријца го претставувале папата и Римската црква на собророт.[203]

Соборот започнал во ноември 879 година. На соборот царот Василиј I немал своја улога и влијание бидејќи бил скршен од смртта на својот син Константин Трети. Тој заедно со своите синови Лав и Александар и Стефан биле присутни на Шестата седница од соборот која била на 3. март 880 година, на која требало со своите потписи да ја потврдат соборската одлука. На сите останати седници, освен на Шестата заседавал патријархот Фотиј. Затоа овај собор го нарекуваат и „Фотиев собор“. На соборот зад Фотиј стоеле 380 митрополити, архиепископи и епсикопи од сите краеви на Византиското царство и Цариградската црква. Освен спомнатите папски легати, присуствувале и испратеници од источните патријархати, и тоа: Козма, легат на александрискиот патријарх, Илија, легат на ерусалимскиот и Петар Мартирополски, легат на антиохискиот патријарх.

Што се однесува за бугарскотот прашање најпрво е покренато на Второто заседание, кое е отворено на 17. ноември 879 година. На тоа отварање се прочитани папските писма испратени до царот, клирот и Фотиј, во кои е истакнато папското гледиште за решавање на бугарскотот праашање, цариградскиот патријарх да се одрече од ракополагањеe епископи во Бугарија. Фотиј на тоа им одговорил дека тоа ќе го направи како жртва за помирување и слога, но истакнал дека откако е вратен на патријаршиската позиција, нема ракоположено ниту еден епископ во Бугарија, а нема испратено ниту омофор.

[202] Успенски, *Историја Византијског царства,* стр 157.
[203] Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 324.

Последно епископи ракоположил Игнатиј, додека бил жив,а со доаѓањето на Фотиј, немало потреба за ракополагање на нови.[204]

На Четвртото соборско заседание, на Бадник, 24. декември 879 година, повторно е покренато прашањето за Бугарија. Таму се зборувало за најважните прашања од папскиот Commonitorium, и за неговите писма до царот и патријархот. На тоа папско барање се обратиле и византиските митрополити од Кесарија Кападокиска , Прокопиј, Теофил Икониски и Никита Смирненски. Според нив прашањето за Бугарија треба да се реши со тоа што папата и патријархот ќе останат во слога, а за тоа треба да се прифати барањето повеќе да не се испраќа омофори во Бугарија.

На Петтото соборско заседание, на 26 јануари 880 година, конечно се заклучени каноните од овој собор. Фотиј бил конечно признат од сите присутни, па дури и од царските посланици, а и сите одлуки биле потпишани и одобрени од сите присутни на соборот. Царот исто така ги одобрил сите одлуки и ги потпишал на 3. март 880 година.[205] Патријархот Фотиј заедно со своите приврзаници блеснале во полн сјај откако сите на овој собор го одобиле и признале Фотиј за патријарх на Константинопол. Во овој период Фотиј се издигнал највисоко и неговото признавање било посебно, бидејќи било изгласано и потврдено едно душно од сите 380 епископи од соборот.[206]

Папските легати го напуштиле Цариграрад и заминале за Рим. Кога пристигнале, на папата му ги доставиле актите и писмата од соборот во летото 880 година. Папата ги прифатил соборските одлуки и на царот му испратил писмо дека не е баш задоволен од присуството на неговите легати на соборот, но сепак ги одобрува актите кои се донесени во негова корист. Упатува

---

[204] Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 325.
[205] Исто, стр. 326.
[206]Лебедева П. А., *Очерки внутренней истори Византйско-Восточной церкви въ IX, X I XI вѣкахъ,* Издание второе дополненное, Москва, 1902, стр. 112.

благодарност до царот, а Фотиј воопшто не е спомнат во писмотот, иако е негова заслугата.[207]

Папата откако си го добил тоа што го барал, веднаш посакал да почне со мисионерска дејност и преуредување  на Бугарската црква. Папата испратил посланици во Бугарија, а на нив Борис им кажал да си одат и да му пренесат на папата дека он лично ќе му испрати писмо, кога папата да им испрати мисионери. Папата чекал долго време и во рок од две години испратил неколку писма до царот Борис, но не добил никакво повратно писмо и никаков одговор. Со тоа се потврдило дека Борис не сакал да биде неговата црква под капата на Римската црква.

Писмотот од 882 година било последно од папата Јован Осми, упатено до бугарскиот кнез Михаил Борис, бидејќи се упокоил на 16. декември 882 година. Не му се исполнил сонот, Бугарската црква да биде под негова јурисдикција. Кнезот Борис немал намера да му испрати писмо, а нити посланици, бидејќи сакал да биде под Византиска јурисдикција. Огромни се шансите дека византиската дипломатија има влијаено врз кнезот Борис.[208]

По смртта на папата Јован VIII, на 16 декември 882 година, за нов папа го избрале Марин I (882-884). Марин I бил не канонски поставен на папскиот престол и то ќе има врз него големи последици. Иначе тој бил голем противник на Фотиј, а поради тоа не ги прифаќал одлуките одобрени од претходниот папа, кој го признал Фотиј за патријарх и кој ги отфрлил соборските одлуки од 869/870 година. Во меѓувреме во Цариград бил свикан собор за да се осуди неканоското поставување на папата Мартин I. На соборот биле поканети претставници и од Римската црква, но не се појавиле. Патријархот Фотиј испратил писмо до папата Мартин I, но додека да стигне писмото папата умрел и бил поставен Адријан III како нов папа. Набргу се упокоил и Адријан III, а

[207] Исто, стр. 326.
[208] Исто, стр. 327.

писмото го примил новиот папа Стефан V . Во писмото покрај тоа што папата Мартин I бил осуден, било осуден и ставот на Римската црква, што повеќе не испраќала свои членови на соборите во Цариград. Папата Стефан V испратил писмо до царот Василиј I, составено пред април 886 година во кое се вели дека зад царската осуда на папата Мартин I стои патријархот Фотиј кој бил непријател на папата Мартин I. Папата Стефан V со ова писмо сакал да каже дека царот не треба да се меша во црковните работи на Римската црква, а воедно сакал да го заштити и својот претходник, папата Мартин I. Исто така, папата го напаѓа Фотиј дека бил неканонски поставен за патријарх и дека нема да ги поништи одлуките од 869/870 година, кога бил осуден. Меѓутоа, папата ја немал таа моќ да го осуди или да ги врати старите одлуки за патријархот Фотиј. Дури Рим била во таква позициј што барала помош од Византија за заштита од Арабите. Папата Стефан V почнал да му се обраќа на царот Василиј I со „нов Константин". Во тој период Византиската црква и држава се издигнале над Римската црква.[209]

Симфонијата помеѓу царот и патријархот, државата и црквата, одиграла клучна улога во конечното организирање на Бугарската црква, како и слободно организирање на останатите цркви. После ова патријархот Фотиј продолжил мирно и успешно да раководи со Византиската црква се до неговото повторно сменување во 886 година, од страна на царот Лав VI Мудри (886-911). На местото од Фотиј го поставил својот брат Стефан, кој бил на возраст од шеснаесет години. Од друга страна пак, иако Фотиј бил сменет од престолот, фотиевите приврзаници не биле отстранети од своите позиции и своите задолженија продолжиле да ги извршуваат од своите катедри.[210]

Отстранувањето на Фотиј, во Константинопол поттикнало немири и несогласувања од страна на неговите приврзаници. За да ги оправдаат

---

[209] Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 327.

[210]Лебедева П. А., *Очерки внутренней истори Византйско-Восточной церкви въ IX, X I XI въкахъ,* Издание второе дополненное, Москва, 1902, стр. 114-115.

оптужбите против Фотиј и да ги смират немирите, владата го оптужила за политичка клевета. Меѓутоа тие што ја воделе истрагата, доместик Андрија, магистер Стефан и логотет дрома Агиополитом, не дале никаков доказен материјал за оптужба. Спротивно на тоа, архиепископот евхаитски Сантавраин, кој исто така бил осомничен, го осудиле на телесна казна, му ги извадиле очите и го испратиле во заточеништво. Исто така и патријархот Фотиј, повторно бил испратен во заточеништво во предградието Хијереји, каде што во 891 година се упокоил.[211] За кратко време по неговото упокојување, светата православна Црква, почнала да го слави како светител и заштитник на православната вера.[212]

---

211 Успенски, *Историја Византијског царства,* стр 179.

212 Предраг Коматина, *Црквена политика Византије*, стр. 328.

## Заклучок

Од досегашното излагање за Големиот свети Фотиј Цариградски, во овој скромен труд, изработен преку мојот несовршен ум и срце, можеме да кажеме дека е реткост во историјата на човештвото, да постои една ваква личност која не уморно и со голема пожртвуваност се изборила да го зачува православието на Исток. Но, не само тоа, туку дипломатски и политички, а со голема и цврста вера православието им го пренел на многу други народи, а на племињата кои се населиле на балканските простори  и во Македонија им испратил учители да ги научат на писмо и јазик.

За свети Фотиј Цариградски можеме да кажеме дека продолжил од таму каде што застанал апостол Павле. Апостолот Павле преку Филипи – Македонија го донесол христијанството во Европа, покрстувајќи ја првата жена Македонка, Лидија. Така апостол Павле назначил во Македонија епископи, а на нив им дал благослов да назначуваат свештеници и ѓакони. Апостол Павле имал тешка мисија бидејќи Евангелието го проповедал во земја каде што била под Римска империја, а римјаните биле незнабошци и остри противници на христијаните. Но сепак апостолот успеал да ги постави темелите на Христијанството во Европа преку Македонија.

Од друга страна пак, свети Фотиј почнувајќи од Македонија, преку испратените свои ученици светите Кирил и Методиј го проповеда Христијанството и словенските племиња кои дошле на овие територии ги

поучувале на словенски јазик, јазик со кој се разбирале од Македонија до Панонија и Моравија, а дури и до Русија.

Благодарение на Големиот свети Фотиј ние денеска имаме чиста и непроменета православна вера и чисти и непроменети богослужбени книги преку кои го исповедаме нашиот Господ Исус Христос како наш Бог и Спасител.

Делото на овој голем апостол и светител живее до ден денеска, а ќе живее и до крајот на деновите. Останатите Христијански вероисповести го признаавaат делото на свети Фотиј и знаејќи го тоа се плашат од него, бидејќи тој ја зачувал православната вера чиста и не допрена, а тие ја изгнасиле само поради стремежот за власт над Византија и Источната црква.

**Извори и литература**


1. Ангелов Д. История на Византия. Том I – II. София 1966 – 1967.

2. Атанасовски Александар, *Меѓународните политички аспекти и Моравската мисија,* стр. 125-139, Предавања на 46 Летна школа на Меѓународниот семинар за Македонски јазик, литература и култура, Скопје 2014.

3. Атанасовски Александар, *Кој, кога и зошто го поставил св. Климент Охридски за епископ?,* Владетел, държава и църква на балканите през средновековието, Соборник в чест на 60-годишнината на проф. Д-р Пламен Павлов, Част1, Велико Търново, 2020.

4. Асмус Валентин, протоиерей, Патриарх Фотий. История Церкви,

https://azbyka.ru/otechnik/Valentin_Asmus/istorija-tserkvi/

4. Белчовски Јован, *Охридската архиепископија од основањето до паѓањето на Македонија под турска власт,* Скопје 1997.
5. Белчовски Јован, *Црковна историја на македонскиот народ (книга прва)*, Скопје 2016.

6. Беневич И. Г., *Патриарх Фотий и полемика с латинянами о Filioque* (А. А. Шабанов),
https://azbyka.ru/otechnik/Fotij_Konstantinopolskij/?fbclid=IwAR23cBtj1mtgiTOLB9VceIIrDxWJq5somnBdO-aX7InBG0bnutTa0w5ExcE

7. Benz Ernst, *Duh I život Istočne Crkve,* Sarajevo 1991.

8. Бек Георг Ханс, *Путеви византиске књижевности, Београд 1967.*

9. Breje Luj, *Vizantinska civilizacija,* Beograd 1976.

10. Велев Илија, *По повод 1150 години од Моравската мисија и од воспоставувањето на кирилометодиевската традиција,* стр 81-95, Предавања на 46 Летна школа на Меѓународниот семинар за Македонски јазик, литература и култура, Скопје 2014.

11. ΒΑΛΕΤΤΑ Ν. ΙΩ, Φωτίου τοῦ Σοφωτάτου καί Ἁγιωτάτου Πατριάρχου Κωνσταντινουπόλεως ἐπιστολαί, ἐν Λονδίνῳ, D. NUTT, 270, STRAND., 1864.

12. Булгаков Макарий, митрополит, История Руской Церкви, Москва 1999.

13. Dvornik Francis, The photian schism, history and legend, Cambridge 1948.

14. Дворкин Александар, Эпоха патриарха Фотия,

https://azbyka.ru/otechnik/Istorija_Tserkvi/ocherki-po-istorii-vselenskoj-pravoslavnoj-tserkvi/

13. ΖΑΚΥΝΘΗΝΟΥ Α. Δ., Βυζαντινή Ἱστοριά 324-1071, ἐκδ. Δωδώνη, ἈθῆναΓιάννινα 1989.

14. ΓΕΓΛΕ Σ. Γ., Ο Φώτιος ἐν τῷ σχίσματι, Διατριβή επί υφηγεσίᾳ, Ἀθῆναι 1900.

15. Гюзелев В., Княз Борис Първи, София 1969.

16. Янакиев,*Фотий патриярх Константинополски до княз Борис,* папа Николай I до Българите, София 1994.

17. Яред Герасим, иеромонах, Отзывы о св. Фотие, патр. Константинопольском его современников - в связи с историей политических партий византийской империи, Опубликовано: Христианское чтение, 1872 No 1. С. 76-120, Санкт-Петербург, 2010.

18. ΚΑΡΜΙΡΗ ΙΩ, Τὰ δογματικὰ καὶ συμβολικὰ μνημεῖα τῆς Ὀρθοδόξου Καθολικῆς Ἐκκλησίας, τόμος 1, Ἀθῆναι 2 1960.

19. Карташев А. В. История Русской Церкви, Москва 2000.

20. Коматина Предраг, *Црквена политика Византије од краја инконоборства до смрти цара Василија први,* Београд 2014.

21. Лебедева П. А., *Очерки внутренней истори Византйско-Восточной церкви въ IX, X I XI вѣкахъ,* Издание второе дополненное, Москва, 1902.

22. ΛΙΑΛΙΟΥ ΑΘ. Δ., Γρηγοριανὰ Β΄ καὶ Σύμμικτα, ἐκδ. Π. Πουρναρά, Θεσσαλονίκη 1998.

23. Мајендорф Џон, *Византиско богословље,* Крагујевац 1989.

24. Майендорф Иоанн, Патриарх Фотий. Введение в Святоотеческое Богословие,

https://azbyka.ru/otechnik/Fotij_Konstantinopolskij/?fbclid=IwAR23cBtj1mtgiTOLB9VceIIrDxWJq5somnBdO-aX7InBG0bnutTa0w5ExcE

24. Максимовић Љубомир, Крсмановић Бојана, уредници, *Зборник радова,* Византолошког института, Београд 2015.

25. ΜΑΤΣΟΥΚΑ Α. Ν., Ὀικουμενική Θεολογία, ἐκδ. Π. Πουρναρά, Θεσσαλονίκη 2005.

26. Милаш Никодим, *Словенски апостоли св. Кирил и Методиј и истина православља,* Београд 1985.

27. Мирковиќ Лазар, *Православна Литургика или наука за богослужението во православната источна Црква – втор, посебен дел ( дневни богослуженија, св. Литургии и седмични богослуженија)*, Охрид 2001.
28. Николај, епископ, *Охридски пролог – житија, размислувања и беседи*, Охрид 2009.
29. Николов Ангел, *Между Рим и Константинопол,* Из антикатолическата литература в България и славянския правсолавен свят,София 2016.
30. NIKOΛΑΟΥ Κ., Θεοδώρα και Θεόκτιστος, ἐν Σύμμεικτα, τόμος 15, Αθήνα 2002.
31. Острогорски Георгиј, *О веровањима и схватањима Византинаца,* Просвета-Београд 1970.
32. Острогорский Георгий, *История Византийского государства,* Сибирская Благосвонница – Москва 2011.
33. Острогорски Георгиј, *Историје Византије,* Београд 1959.
34. Острогорски Г., Историја на Византија, Скопје 1992.
35. Охридски Климент, свети, *Собрани дела: слова, поуки, житија*, Скопје 2012.
36. Панонски легенди, Скопје, 1987.
37. Павлова А., *Древнѣйшей греко-руской полемики противъ латинянъ,* Санктпетербургъ 1878.
38. ΡΑΝΣΙΜΑΝ ΣΤ., Βυζαντινός Πολιτισμός, (μτφρ. Δέσποινα Δετζώρτζη), ἐκδ. Γαλαξίας,Αθήνα 1969.
39. Patrologia Graeca, Cursus Completus, ἐκδ. J. MINGE, Paris 1857 – 1912.
40. Patrologia Latina, Cursus Completus, ἐκδ. J. MINGE, Paris 1844 - 1890.
41. PHOTII Patriarchae Constantinopolitani, Epistulae et Amphilochia, ἐκδ. B. LAOURDAS - L. G. WESTERNIK, Leipzig 1983.

42. Платонов Н. В. Патриарх Фотий,

https://azbyka.ru/otechnik/Fotij_Konstantinopolskij/?fbclid=IwAR23cBtj1mtgiTOLB9VceIIrDxWJq5somnBdO-aX7InBG0bnutTa0w5ExcE

38. Поповић В. Радомир, „Свети Фотиј патријарх Цариградски и његово доба“, *Теолошки погледи,* Београд 1983.

39. Поповић Јустин, *Житија светих,*Београд 1973.

40. Поповић Јевсевије, *Опћа црквена историја,* Прва књига, Сремски Карловци 1912.

41. Поснов М. Э. История Христианской Церкви, Киев, 1991.

42. Ристовски Блаже, *Македонија и македонскиот народ*, том 8, Скопје 2014.

43. ΣΑΚΚΟΥ Ν. ΣΤ., Τὸ φῶς ἑνὸς Σοφοῦ, ἐν Ἐκκλησία καὶ Θεολογία, Ἐκκλησιαστικὴ καὶ Θεολογικὴ Επετηρίς, 1989-1991, τόμος Ι΄, Ἀθῆναι, σσ. 505-515.

44. Свето Писмо на Стариот и Новиот Завет, Скопје 1991.

45. Свештени Канони на светата православна Црква, Велес 2011.

46. Симонова Габриела, *Кирил и Методиј како Византиски мисионери за решавање конфликти,* стр.37, Сојуз на историчарите на Република Македонија, *Историја,* Скопје 2006.

47. Соколов И. И. Патриарх Фотий,

https://azbyka.ru/otechnik/Fotij_Konstantinopolskij/?fbclid=IwAR23cBtj1mtgiTOLB9VceIIrDxWJq5somnBdO-aX7InBG0bnutTa0w5ExcE

45. Тальберг Н. История Христианской Церкви. Москва, 2000.

46. ΤΣΑΜΗΣ Γ. Δ., Εκκλησιαστική Γραμματολογία, ἐκδ. Π. Πουρναράς, Θεσσαλονίκη 1996.

47. Успенски Фјодор, Историја Византијског царство, период македонске династије 8671057, превео Радослав Божић.

48. ΦΩΤΙΟΥ ΠΑΤΡΙΑΡΧΟΥ ΚΩΝΣΤΑΝΤΙΝΟΥΠΟΛΕΩΣ, Ο Ηγεμών, μτφρ. Ιωάννης Πλεξίδας, προεισαγωγή Μάριος Πλωρίτης, πρόλογος Χρήστος Γιανναράς, ἐκδ. Αρμός, Αθήνα 3 2007.

49. HUSSEY M. J., The Orthodox Church in the Byzantine Empire, Oxford 1986.

50. Шене Жан-Клод, Флизен Бернар, *Византија историја и цивилизација,* превела с француског Јасна Видић, Београд 2010.

## Содржина


- Предговор......................................................................................................3
- Вовед..............................................................................................................5

**Глава I**

- Животот на свети Фотиј Цариградски.......................................................7

**Глава II**

- **Свети Фотиј – „кум“ на словенските народи**.......................................20
- Хазарска мисија и покрстување на Руситe................................................20
- Мисијата на светите браќа Кирил и Методиј во Моравија.......................28
- Покрстување на Бугарите.........................................................................57
- Византиска мисија во Бугарија.................................................................68

**Глава III**

- Улогата на свети Фотиј во одбрана на Христијанството од искривените учења на Латините..........................................................................................70

**Глава IV**

- Односот на Василиј I со патријархот Фотиј, пред отстранувањето и по враќањето на патријаршискиот престол....................................................78
- Отстранувањето на Фотиј и враќањето на Игнатиј...................................78
- Фотиевиот повраток и Соборот од 879/880 година...................................82

- Заклучок........................................................................................................91
- Извори и литература..........................................................................93